# ТРАНСПОРТ ЛОГИСТИКА

ИНФОРМАТИВЕН И ЕДУКАТИВЕН МЕСЕЧНИК

ISSN 1857-7962 ■ БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК ■ број 158 ■ јануари 2019 ■ www.amerit.org.mk

**ИНТЕРВЈУ**



ЏЕВАТ КИЦАРА

Директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ)

## СТАНДАРДИТЕ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА УСПЕШЕН РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

**АКТУЕЛНО**

До 15 февруари

## ИРУ ГИ ОЧЕКУВА НОМИНАЦИИТЕ ЗА НАГРАДАТА „ТОП МЕНАЏЕР 2019“

**ТЕМА НА БРОЈОТ**

Македонските транспортери и разните најави, прогнози, очекувања и стравувања за годинава

## КАКО ДА СЕ ИЗВОЗИ И (ПРЕ)ЖИВЕЕ СО СЕПРИСУТНАТА НЕИЗВЕСНОСТ?

# ОНАМУ КАДЕ ШТО СТЕ ВИЕ.







**АМЕРИТ**

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

MakedonijaSoobrakajAMERIT

ул. „1506“ бр.22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 | www.amerit.org.mk

# НЕКА ОРИГИНАЛОТ ОСТАНЕ ОРИГИНАЛ.




## MAN оригинални резервни делови.

Во тек е специјална понуда на резервни делови за која може да се информирате во нашиот продажно сервисен центар.

МАН Импортер Македонија д.о.о.е.л., Ул. 2. бр. 84, Илинден, МК – 1000 Скопје
телефон: 02 5115 080, факс: 02 2550 703, e-mail: man@mantruck.mk, www.mantruck.mk

MAN

ASSOCIATE TRAINING INSTITUTE

IRU

# АМЕРИТ

СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

## [ ФЕВРУАРИ ]

| ВОЗАЧИ | | |
|---|---|---|
| ОБУКА | Среда | 13.2.2019 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток | 21.2.2019 |

| УПРАВИТЕЛИ | | |
|---|---|---|
| ОБУКА | Среда | 30.1.2019 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Среда | 06.2.2019 |

| АДР | | |
|---|---|---|
| ОБУКА | Четврток | 14.2.2019 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Петок | 22.2.2019 |

| АДР СОВЕТНИЦИ | | |
|---|---|---|
| ОБУКА | Четврток | 07.2.2019 [ 10 ч. ] |
| ПОЛАГАЊЕ | Четврток | 14.2.2019 |





ЦЕНТАР ЗА ОБУКА | СЕРТИФИКАТИ | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКРЕДИТАЦИИ

АМЕРИТ
ЦЕНТАР ЗА ОБУКА

тел. 02/ 32 98 967 лок.130
e-mail: obuka@amerit.org.mk


OfficeMarket+
Најдоброто за вашата канцеларија...
НАЈДОБРОТО
ЗА ВАШАТА
КАНЦЕЛАРИЈА
TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO 9001:2015; ISO14001:2015
www.officemarket.mk

TRAEKT.MK
РЕЗЕРВАЦИЈА НА ТРАЕКТ, ТУНЕЛ, МОСТ, ВОЗ
ПРЕВОЗ НА ОПАСНИ МАТЕРИИ
Тел: 02 32 98 967 | e-mail: traekt@amerit.org.mk | www.traekt.mk

## АКТУЕЛНО




8

До 15 февруари

**ИРУ ги очекува номинациите за наградата „Топ менаџер 2019“**

## ТЕМА НА БРОЈОТ



9

Македонските транспортери и разните најави, прогнози, очекувања и стравувања за годинава

**Како да се извози и (пре)живее со сеприсутната неизвесност?**

## ИНТЕРВЈУ



13

Џеват Кицара, директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија

**Стандардите придонесуваат за успешен развој на македонската економија**

### 12 АКТУЕЛНО

За побрз проток на стоки и патници

Македонија се подготвува за заеднички гранични контроли со: Србија, Бугарија и Албанија

17 По неодамна потпишаниот договор на министрите за внатрешни работи

Возачките дозволи се признаваат, а може и да се заменат помеѓу Македонија и Косово

### 18 ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Промовирана владината Национална транспортна стратегија

До 2030 година ќе се работи на вкупно 104 проекти

20 Владата најави, историски, најголеми вложувања во патната инфраструктура

Годинава со инвестиции од над 1,2 милијарди евра на 770 километри патишта

### 22 ЦАРИНА

Од годинава во царинските испоставив во земјава

Сите царински декларации ќе се поднесуваат електронски

23 На промотивен настан во Владата

АД „Европа“го доби првиот сертификат за овластен економски оператор

### 24 МЕРИДИЈАНИ

ИРУ до членовите на ЕП за Пакетот за мобилност 1

Индустријата за патен транспорт бара едноставност и флексибилност во примената на правилата

25 ИРУ за последиците од политичките превирања во ЕУ

Ризикот од отфрлањето на договорот за Брегзит ја загрозува индустријата за патен транспорт

### 26 МЕТРОПОЛА

Ќе стане ли реалност повеќедецениската желба на скопјани?

Трамвајот повторно „во игра“ како решение за скопскиот јавен превоз

27 Потпишан договорот со ЕБОР за заем од десет милиони евра

ЈСП „Скопје“ ќе се поднови и модернизира со 35 екоавтобуси

### 28 БЕЗБЕДНОСТ

РСБСП во рамките на кампањата „Без изговори!“

Пијан зад волан – НИКОГАШ!

### 30 КАМИОНИ

### 38 ТРАНСПОРТЕН БИЛТЕН

### 42 ТРАНСПОРТНА БЕРЗА



ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА

АМЕРИТ
СИЗ МАКЕДОНИЈА СООБРАЌАЈ

Адреса:
бул. Партизански одреди 17/4, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 224
Факс: 02 32 98 968
e-mail: amerit@amerit.org.mk
web: www.amerit.org.mk
facebook: MakedonijaSoobrakjAMERIT
жиро-сметка: 320100023724261
Депонент: Централна кооперативна банка АД
Даночен број: 4030000394212

ТЕКСТОВИТЕ И ФОТОГРАФИИТЕ НЕ СЕ ВРАЌААТ

Адреса:
ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје
Телефон: 02 32 98 967
Издава:
СИЗ Македонија сообраќај АМЕРИТ
Подготвува и уредува:
Здружение за комуникација со јавноста „Контакти“ - Скопје
Дизајн и печатење:
ЕВРОПА 92, Кочани
Лектура:
Матилда Саздова
Фото насловна: Designed by vectorpouch / Freepik

## Пожар и некои други опасности

Заштитете го вашиот имот од пожар, удар од гром, поплава, удар од непознато моторно возило и други видови опасности.

## Домаќинско

Заштитете го вашиот дом од пожар, кражба и одговорности од трети лица.

## Кражба и разбојништво

Не дозволувајте вашата компанија да биде цел на кражба и разбојништво..

## Машини

Осигурајте ги вашите машини од расипување.

## Животно осигурување

Заштитете се Вие и Вашето семејство со полиса за животно осигурување

## Авто-одговорност

Задолжителна регистрација на Вашето моторно возило

## Каско

Доброволно осигурување од штета на сопственото моторно возило од најразлични оштетувања.

# СИТЕ ВИДОВИ ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕДНО МЕСТО

## Превоз на стоки (Карго)

Превоз на стоки (карго) во домашен и меѓународен транспорт.

## Одговорност на превозници

Одговорност на превозници во меѓународен и домашен транспорт.

## Бродови и чамци на моторен погон

Задолжително осигурување на бродови и чамци на моторен погон од одговорност за штети причинети на трети лица.

**ул.Коле Неделковски бр.12А-1, 1000 Скопје |**

**тел. 02/329 99 29**

**www.nob.mk | nob@nob.mk**

До 15 февруари

# ИРУ ГИ ОЧЕКУВА НОМИНАЦИИТЕ ЗА НАГРАДАТА „ТОП МЕНАЏЕР 2019“

Престижната награда на ИРУ ќе се додели само на врвни менаџери на компании за патен транспорт, ангажирани во националниот или во меѓународниот патен превоз на стоки или патници, вклучувајќи ги и такси-компаниите




Меѓународната унија за патен транспорт ИРУ, најголемата транспортна асоцијација во светот, го објави повикот за номинации за наградата „ТОП менаџер“ за 2019 година што ќе се поднесуваат до 15 февруари годинава. И овојпат, престижната награда на ИРУ ќе се додели само на врвни менаџери на компании за патен транспорт, ангажирани во националниот или во меѓународниот патен превоз на стоки или патници, вклучувајќи ги и такси-компаниите, кои ја извршуваат својата професија преку нивното професионално искуство и специфичните менаџерски достигнувања. Наградата на ИРУ се состои од: сертификат TOP MANAGER за 2019, потоа значка со лого на наградата и USB со обележјата TOP MANAGER на годината што наградените можат да ги користат на разни документи, меморандуми, на визит- карти и слично. Аплицирањето за наградата TOP MANAGER на ИРУ, која може да се додели на едно лице само еднаш, кај нас веќе традиционално, секоја година се врши со посредство на СИЗ „Македонија сообраќај“ – АМЕРИТ, која е национална асоцијација членка на Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ и која го следи работењето на транспортните менаџери и на нивните фирми, во текот на целата година, па ги бодува и ги предлага до ИРУ.

Целта на наградата на ИРУ за „Топ менаџери“ во патниот транспорт е да се даде национално признание и вреднување на лицето, кое е одговорно за успехот на транспортната компанија. Критериумите на ИРУ за номинација за оваа награда се: кандидатот да е на раководна функција во една иста национална или меѓународна компанија за патен транспорт најмалку пет години, а фирмата која ја раководи да е членка на национална асоцијација која е членка на ИРУ, минимум три години. Кандидатот треба да го има докажано своето успешно менаџирање и раководење преку исклучителен раст на компанијата; преку развивање на успешни висококвалитетни транспортни услуги; треба да поседува Сертификат за професионална компетентност или слични квалификации од реномиран орган за обука, или треба да има диплома за високо образование. Исто така, кандидатот во својата компанија треба да има имплементирано еден пристап, таканаречен, „научи да учиш“, наменет за персоналот, со цел систематско развивање на способностите на возачот согласно со националните и со меѓународните стандарди за патен транспорт и најдобрите практики. Тој треба да ја промовира професионалната обука како активност на Акредитираниот центар за обука на ИРУ за да се осигура дека индустријата за патен транспорт и вработените се во тек со најновите легислативи и практики во секторот и треба да ја има докажано својата лојалност преку активно работење и поддржување на активностите на националната асоцијација – членка на ИРУ, како и да има усвоено и внатрешна политика за промовирање на заштитата на животната средина и на патната безбедност. Доколку компанијата, со која раководи кандидатот, е вклучена во меѓународен превоз на стока, треба да поседува доказ за негова редовна, непрекината инволвираност во меѓународниот патен транспорт, прикажано преку користењето на ТИР-карнети, но и да е познат по својот професионализам како менаџер кој е посветен на подобрување на патната безбедност преку имплементирање на ефективни мерки во својата компанија и преку давање поддршка за развој и промовирање на соодветни и ефективни регулативи за патна безбедност, а со кандидирањето за оваа награда, се потврдува и дека под негово раководство транспортната компанија и/или самиот тој не направил никакви прекршоци во царинските или во другите административни регулативи.

Само асоцијациите, кои се членки на ИРУ, се одговорни за идентификување на потенцијалните кандидати меѓу нивните членки и за собирање и оценување на релевантните информации врз основа на критериумите утврдени во регулативата. По електронски пат се пополнува формулар за аплицирање, а асоцијациите, членки на ИРУ, треба да ги номинираат само оние кандидати кои ги исполнуваат сите услови. Сите номинации треба да бидат поднесени до ИРУ, до 15 февруари 2019 година. Целосни информации во врска со условите кои треба да се исполнат, како и за доделувањето и промоцијата на оваа ИРУ-награда се содржани во документите: Регулативата на ИРУ за наградата „Топ менаџери за патен транспорт“ и Насоки за асоцијациите на ИРУ за да се олеснат доделувањето и промоцијата на наградата на ИРУ „Топ менаџери за патен транспорт“. Овие документи се достапни на: англиски, француски и руски јазик. За повеќе информации контактирајте нè на: 02/3298-967 локал 103, или на e-mail: magde@amerit.org.mk.

Ј.Б.

Македонските транспортери и разните најави, прогнози, очекувања и стравувања за годинава



# КАКО ДА СЕ ИЗВОЗИ И (ПРЕ)ЖИВЕЕ СО СЕПРИСУТНАТА НЕИЗВЕСНОСТ?

Ако „по утрото се познава денот“ и ако по јануари може да се прогнозира годината, транспортерите сметаат дека не само поради актуелната временска состојба туку и поради многу други нешта на економски и на политички план во земјава, а и во регионот, во Европа, па и пошироко, тие ќе имаат многу неизвесна деловна година

Почетокот на годината е секогаш период кога не само што правиме рекапитулар на изминатите 12 месеци туку и свртени кон иднината, се обидуваме да прогнозираме што ќе се случи во годината во која штотуку сме влегле. Врз основа на тие прогнози, најчесто го планираме и реализираме секојдневието, живејачката во семејството, работата, но и задоволствата што сакаме да си ги овозможиме. Притоа, се обидуваме да ги предвидиме и пријатните и непријатните моменти, односно посакуваните, но и несаканите странични удари што може да ни ги донесе животот. Неретко, многумина во таквите прогнози тргнуваат и од онаа народната „по утрото се познава денот“, па како некакви пророци, врз основа на она што им се случуваше во јануари, се обидуваа да предвидат што ќе им донесат останатите единаесет месеци. Така некако се однесуваат и македонските патни транспортери или поточно поголемиот дел од нив, кои по завршувањето на целата низа од празници со кои е богат јануари се обидуваат своите очекувања, планови, намери и цели во работење да ги осмислат, да ги започнат и реализираат не само врз основа на она што им се случувало во годината што измина туку и според прогнозите (не само метеоролошките), најавите, информациите од земјата и од странство за она што ќе следува од февруари натаму. За таа цел, тие ги земаат предвид и меѓусебно ги анализираат проценките на економските експерти и тоа во разни области, каде што се користат нивните услуги. Значајни и битни се и најавите, проценките и предвидувањата на надлежните државни органи, но и од политичарите, од кои се чини денес тргнува сè во животот.

Кога сè што ќе се слушне и ќе се види од сите наведени фактори и потоа ќе се собере, одземе, помножи и подели, евидентно е дека транспортерите ги очекува многу неизвесна година, во која секој месец ќе биде и кривина и крстосница што мора успешно да ја минат. На ваков заклучок наведува сето она што се случуваше во последниве месеци, како на економски и политички, така и на безбедносен план и тоа, и во земјава и во странство, односно и во регионот (во Европа) и пошироко, каде што се чини е многу турбулентно поради што и експертите од разни области се принудени да ги консултираат пророштвата на Нострадамус, баба Ванѓа и сличните претскажувачи на иднината. Дека е тоа така, потврдува и еден мал преглед на прогнози, најави и очекувања за годинава на најодговорните во државава, кои оптимистички велат дека на економски план оваа година ќе биде добра развојна година, особено по сè поизвесното пристапување кон НАТО и кон Европската Унија што ќе овозможи деблокирање на државата, која би требало да стане магнет за подобра соработка со најразвиените европски земји, пораст и унапредување на трговските односи, а пред сè за доаѓање на поголем број странски инвеститори со капитал. Во таа насока, во 2019 година, која власта ја прогласи за година на економијата, се најавуваат подобри резултати од досегашните и од новите реформи во фискалната сфера, потоа двојно пониски глоби за фирмите, а и зголемување на капиталните инвестиции (по потфрлувањето минатата година) со поголеми вложувања и рекордни 1,2 милијарди евра за изградба на нови и ревитализација на постојните патни делници...

– За 2019 година проектиравме раст од 3,2 проценти, но јас најавив дека нашите амбиции се уште поголеми. Ако постигнеме раст од четири проценти во првиот квартал, значи дека доаѓа сериозна економска активност и заживување на економијата во Република Македонија. Изградбата на патиштата и на железницата, како и гасификацијата на државата ќе бидат во фокусот на Владата за реализација на капиталните инвестиции во 2019 година. Веќе се отстранети сите проблеми во проектните документации што беа пречка за поголема реализација на капиталните инвестиции во минатата година, кога нивното ниво достигна до 67 отсто, со што не сме задоволни – истакна неодамна премиерот Зоран Заев, најавувајќи дека годинава ќе биде многу подобра на тој план.



## ОД ВЛАДАТА И ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНИ ФАКТОРИ НАЈАВУВААТ ДЕКА ПО СÈ ПОИЗВЕСНОТО ПРИСТАПУВАЊЕ КОН НАТО И ЕУ, СО ПЛАНИРАНОТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ И ПОГОЛЕМИТЕ ВЛОЖУВАЊА ВО ПАТНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И РЕД ДРУГИ ПРИДОБИВКИ, МАКЕДОНИЈА ЌЕ ИМА УСПЕШНА ЕКОНОМСКА 2019 ГОДИНА

По ваквите искажувања, како и она дека со почнувањето на градежната сезона, нема да има ниту една слободна градежна машина во Република Македонија, а земјата ќе биде едно големо градилиште, она што најдиректно ги засега патните превозници се најавите за нови транспортни олеснувања со воведување на концептот „овластен економски оператор“, со воспоставувањето на заеднички гранични премини и контроли со соседните земји, забрзување на транзитот и протокот на возила, поволности при увозот на возила и притоа субвенционирање на дел од транспортната сфера, поголема регионална соработка за либерализација на транспортот на стоки и патници, признавање на возачките дозволи и другите транспортни документи со нови земји, помали глоби за сообраќајни прекршоци и слично...

Песимистичките видувања на она што (ќе) следува оваа година велат дека таа нема да биде ни малку розова, напротив. На тоа влијаат информациите за Брегзит и раздружувањето на ЕУ со Велика Британија (поради што бизнисмените треба да бидат подготвени за промена на царинските стапки), потоа останатите потреси во ЕУ, каде што годинава е изборна за Европскиот парламент (кај нас кога е таква однапред ја прогласуваме за неуспешна). Понатаму, непријатните политички, економски и други турбуленции во: Франција, Германија, Италија, Полска, Унгарија, судирот на ЕУ со Русија, сè почесто и по разни основи со САД, потоа анализите на познатите светски експерти за надоаѓање на нова економска и финансиска (банкарска) криза... Она што најдиректно ги погодува македонските патни превозници во тие меѓународни рамки се: заштитните мерки за увоз на одредени челични производи во ЕУ (близу 90 отсто од извозот на метални цевки од нашата земја се реализираат во земјите од ЕУ и во моментов не постои алтернативен пазар за пласман на овие производи), потоа вистинската поплава од нови такси, забрани за сообраќај за дизел-возила во центрите на големите европски метрополи што особено ги погодува автобуските превозници. Тука е и нерешавањето на бегалската криза и стапувањето во сила на новите правила во функционирањето на Шенгенскиот информативен систем и подготовките за поголемо администрирање и антитерористички контроли на границите, и тоа во „ЕУ без граници“, а за другите и да не зборуваме. Загрижува и нееднинството во ЕУ околу Пакетот за мобилност 1 и немањето компромис за клучните регулативи за патен транспорт во ЕУ, за работниците на времена работа во странство, за правилата за возење и одмор, како и за пристап до професијата и до пазарот на патниот транспорт. Транспортерите алармираат и за сè поизразеното заминување на возачите од домашните транспортни фирми во соседните и во другите европски земји, а реагираат и на повторниот скок на цените на горивата.

Во таква ситуација, кога сите светски, европски и регионални економски случувања и процеси, директно или индиректно се одразуваат и врз домашната економија и се рефлектираат врз македонскиот пазар, индустрија, а и трговија, разбирливи се и намалените очекувања на стопанствениците од годинава, меѓу кои и на транспортерите. Оттука, не треба да зачудуваат ни реакциите на коморските асоцијации, како онаа на Сојузот на стопански комори (ССК), од каде што деновиве укажаа дека политичката неизвесност го изеде приватниот сектор (во кој во голем дел егзистираат и транспортните фирми) и голем е бројот на компании што се заинтересирани да ги преселат своите бизниси во соседството, особено во Бугарија и Србија, а не престанува ни заминувањето на младите од земјава. Од ССК, преку претседателката, Данела Арсовска, посочија и седум приоритети што Владата и министерствата мора да ги испочитуваат, ако сакаат 2019 година да биде економска година.

– Обезбедувањето политичка и правна сигурност, континуираниот раст на стопанството, менувањето на законите исклучиво во консултација со бизнисот, јасната волја за напредок без корупција, итните реакции на институциите веднаш по какво било укажување на бизнис-заедницата, минимизирањето на поларизацијата во општеството и зајакнувањето на борбата со сивата економија се приоритетите на ССК – образложи Арсовска.

Се разбира, ниту целосното и безрезервно реализирање на овие барања, од оние кон кои е упатено (а не е само кон власта туку и кон другите општествени фактори и чинители) нема да ги решат проблемите на транспортерите за тие да се ослободат и однапред да кажат дека ќе имаат успешна година. Всушност, тоа го посочуваат низ своите искажувања:



– Ќе биде тешко, скептични сме во врска со она што нè очекува оваа година во транспортот. Иако го посакуваме спротивното, сепак, стравуваме дека ќе биде лошо. Ние, како транспортна фирма превезуваме зеленчук, па оттука и нашето работење зависи од она што ќе го сработат земјоделците, а познато е со што сè се соочуваат тие. Елементарни несреќи, лоши цени на земјоделските производи, трговски и други пречки... Од друга страна, од кај нас тешко е нешто да се извезе, а ние возиме за Турција, низ Европа и во трети земји. Со нашите фирми тешко се работи, па и тоа влијае на лошата оценка и неизвесноста во очекувањата што ќе ни ги донесе оваа година на деловен план. Моменталната состојба во првиот месец од годинава е застој и тоа не само поради невремето, снеговите и лошата зима, која ни прави проблеми во сообраќајот туку и поради слабите нарачки за превози. Еве, повторно се качува цената на нафтата, а наспроти тоа цените на превозните услуги се ниски, конкуренцијата е голема... Работиме со ладилници, а извозот е слаб и главно е за Русија и Белорусија и во насока каде што носиме земјоделски производи, а не некои поконкурентни стоки, па ако не е Турција тогаш нема што да се вози. Сепак, мора да се надеваме на подобро во месеците што доаѓаат, иако, за жал, голем е стравот што ќе ни донесат тие, зашто е сè потешко и потешко во оваа наша напорна и макотрпна работа и дејност – вели Дејан Стојкоски, косопственик на транспортната фирма „Денис транс“ од Гевгелија.

За Васко Дамјановски, одговорен за логистика во транспортната фирма „Лаки Лазо“ од Скопје и самиот почеток на годинава не навестува подобро утре во неа: – Нормално, секој посакува да биде подобро, но од она што ни се случуваше и најавуваше во јануари, ќе биде и тешко и лошо. Најголемиот проблем, од логистички аспект гледано, ни е со возачите, како главни, носечки извршители во дејноста, бидејќи побарувачката за нив се зголемува, постојано заминуваат во странство, па тоа ни создава проблеми овде, дома. Во таква ситуација, не можеш да очекуваш одговорност, сериозност, работата ти останува незавршена, возила по пат... Другите нешта, кои се од глобално значење, се за сите горе-долу исти (цените на горивото и слично). Затоа, како дејност треба да водиме сметка за правилата на работа да се посериозни и сите да се зафатиме да ги решаваме и намалуваме проблемите што ни го оптоваруваат работењето. Опуштеноста скапо ќе нè чини. Од сопственик до вработен, секој треба да води сметка за сериозно и одговорно извршување на работните обврски, а со другото што го носи секојдневието – ќе се бориме... Ние, како товарен превозник, вршиме меѓународен транспорт на збирни стоки, извоз на железо и други материјали, па оттука во исчекување сме што ќе се случи со металургијата, со челичната индустрија. Ако дојде до она што се зборува во јавноста, мора сите да водиме сметка за евентуалното намалување на стоките, за транспортните и други трошоци, кои може да пораснат и да очекуваме и државата сериозно да се вклучи во одбрана на фирмите од металургијата во нашата земја, и на сите што ја опслужуваат, меѓу кои се и транспортерите – додава Дамјановски.



## И ВО ДОМАШНИ И ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ ПРЕТСТОЈАТ НИЗА СЛУЧУВАЊА, ПРОЦЕСИ И НАСТАНИ ШТО АНАЛИЗИРАНИ И ОД ОПТИМИСТИЧКИ И ОД ПЕСИМИСТИЧКИ АСПЕКТ, ГИ ПРАВАТ НЕСИГУРНИ ОЧЕКУВАЊАТА НА ТРАНСПОРТЕРИТЕ ЗА ГОДИНАВА




Сепак, и покрај сè, оптимизмот не ги напушта транспортерите, кои се навистина движечки сектор во македонската економија и досега се соочиле и успешно надминале многу неизвесни и турбулентни години. Тоа го потврдува и Бертан Елези, менаџер за логистика и транспорт во ИРА ТРАНС од Гостивар, кој истакнува:

– До нас доаѓаат секакви информации и од колегите од другите фирми и од комитентите, корисниците на услуги, а го следиме и сето она што може вака или онака да влијае на нашето работење. Веднаш ќе кажам дека сме оптимисти и очекуваме годинава барем за 20 насто подобро да работиме отколку лани. При давањето на ваквата проценка се повикуваме на поголемата побарувачка за транспорти од партнери од други држави, како и на фактот дека увозот во земјава е речиси 80 насто, од репроматеријали до готови производи. Затоа, мислиме дека годинава сепак, ќе има доволно работа за нас транспортерите што зависи од тоа кој колку и како ќе се вложи во тоа, какви му се компетенциите, расположливите капацитети, подготвеноста на вработените и слично. Од проблемите, актуелен е оној со недостигот на возачи, а другото, како цената на нафтата, на пример, не би требало да нè изненади зашто таа се одредува според светските берзи. Ќе има и скокови и падови, впрочем пред сегашното зголемување, претходно имаше намалување на нејзината цена во земјава. Инаку, мислам дека транспортот, барем оваа година, нема да има ефекти од пристапувањето на државата во НАТО и од евентуалното напредување во евроинтеграциите, односно кон Европската Унија. Она што ни е секогаш битно се транспортните дозволи, ЦЕМТ-овите и другата транспортна документација, кои ќе одат по старо и во оваа година. Затоа, ние транспортерите од овој простор, немаме услови да правиме долгорочни планови, визии, да влегуваме во инвестиции и слично. Сепак, што се однесува на нас, и покрај сите неизвесности што тука и таму се наведуваат, оптимизмот е присутен. Впрочем, само со добри мисли може да очекуваме и да се надеваме на подобро, па ни преостанува да возиме, а резултатите сами ќе дојдат – потенцира Елези.

Ј.Б.


www.amerit.org.mk

За побрз проток на стоки и патници




# МАКЕДОНИЈА СЕ ПОДГОТВУВА ЗА ЗАЕДНИЧКИ ГРАНИЧНИ КОНТРОЛИ СО: СРБИЈА, БУГАРИЈА И АЛБАНИЈА

Во текот на јануари се одржаа повеќе контакти на надлежните органи и служби задолжени за спроведување на постапката за „one stop shop“, односно за заедничка гранична контрола

Македонија и соседните земји: Србија, Бугарија и Албанија се подготвуваат за воведување на веќе договорените на највисоко владино ниво заеднички гранични контроли, со кои значително треба да се забрза протокот на патници и стоки со овие земји. За таа цел, во текот на јануари се одржаа повеќе средби на надлежните органи, служби и мешовити групи задолжени за спроведување на постапката за „one stop shop“, односно за заедничка гранична контрола, при што, за тоа веќе се подготвуваат одредените гранични премини. Притоа, се чини најдалеку е отидено и се во завршна фаза пред имплементација активностите со Република Србија, на граничниот премин Табановце – Прешево.

– Постапката за „one stop shop“ на овој граничен премин е во тек. Донесена е одлука на Владата, а кон крајот на минатата година беа одржани два состанока на мешовитите групи на Македонија и на Србија. Останаа отворени уште неколку прашања што треба да се расчистат во двете држави. Треба да се утврди модалитетот на заедничкиот премин затоа што во моментов, двата премини не функционираат идентично. На пример, на граничниот премин Прешево нема објекти за стоково царинење и терминал, а граничниот премин Табановце располага со стоков терминал и административна зграда за фитосанитарна инспекција која работи 24 часа. Треба да се утврди кој модел ќе се избере, а да биде прифатлив и за двете страни, така што преговорите сè уште траат – велат од МВР за нивните активности за воспоставување заеднички граничен премин со северниот сосед, за што инаку, лани во септември, политичка подготвеност демонстрираа премиерот на Македонија, Зоран Заев и претседателот на Србија, Александар Вучиќ.

За постигнување конечно решение со кое значително ќе се забрза времето за завршување на граничните формалности на еден заеднички граничен премин, со едно застанување и единствена контрола на патниците, стоката и превозните средства стана збор и на неодамнешната средба меѓу вицепремиерите на владите на Македонија и на Бугарија, Кочо Анѓушев и Томислав Дончев. – За отворање заеднички граничен премин неопходно е да одлучиме на чија територија ќе биде сместена екипата за влегување и излегување и треба организациски да се подготвиме. Станува збор за неколку месеци – рече вицепремиерот Дончев, кој неодамна учествуваше на бизнис-форумот „Македонија – Бугарија 2019“ во Скопје.

На оваа тема беа и разговорите на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, со неговиот колега од Албанија, Сандер Лешај, на средбата во средината на јануари во Поградец, на која стана збор и за воведувањето на заеднички контроли на надлежните органи на двете земји на патниот граничен премин Ќафасан – Ќафтане што ќе овозможи забрзување на протокот на патници, стока и превозни средства. Министрите се договорија да се преземат неопходните активности за овој проект да биде завршен до 1 април годинава. Ваков проект Албанија веќе има воспоставено со Црна Гора и со Косово и на оваа средба е потенцирано дека од примерите во земјите каде што веќе функционираат заеднички гранични контроли е евидентно дека се преполовува времето на чекање на граѓаните, а се штедат и ресурси. Истовремено, зајакнатата соработка меѓу царината, полицијата и инспекциските органи, кои работат на едно место, резултира со поефикасно спречување на нелегалните активности, со тоа што компаниите нема да можат различно да ги прикажуваат вредностите на стоките така што се намалуваат можностите за шверц и измами.

Ј.С.Б.




**ЏЕВАТ КИЦАРА**

Директор на Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ)

# СТАНДАРДИТЕ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА УСПЕШЕН РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА

За 2019 година, се предвидени повеќе активности, со кои Институтот за стандардизација на Република Македонија ќе стане препознатлива институција во државата во која компаниите ќе можат да се информираат, едуцираат и обучат, но и да ги купат стандардите

**» Господин Кицара, со оглед на тоа дека сме на самиот почеток на годинава, кои се главните цели, планови и активности за реализација во програмата за работа на Институтот за стандардизација на Република Македонија за оваа 2019 година?**

Основните цели на ИСРМ се ефикасен и одржлив систем за стандардизација во Република Македонија, кој ќе овозможи потполно учество во стандардизациският систем на европско и на меѓународно ниво, што има за цел поддршка на македонското стопанство при излезот на странските пазари и заштита на македонските интереси, воспоставување на сертификациско тело по стандардот ISO/IEC 17021-1:2015, како и издавање на сертификати за знак за квалитет.

За 2019 година се предвидени повеќе активности, со кои Институтот за стандардизација на Република Македонија ќе стане препознатлива институција во државата во која компаниите ќе можат да се информираат, едуцираат и обучат, но и да ги купат стандардите. Планирани се промотивни активности за македонските компании да можат да ја зајакнат својата свест за стандардите бидејќи тоа ќе им помогне да разберат како можат да ги искористат како алатка за постигнување на своите бизнис-цели. Покрај подигањето на јавната свест за стандардизацијата, од значење е и паралелното и континуирано воспоставување на меѓународна и билатерална соработка што ќе овозможи да се подигне нивото на соработка и комуникација помеѓу телата за стандардизација.

**» Што значи стандардизацијата за компаниите во нашата земја, особено за оние што извезуваат, а кои при нивниот излез на меѓународниот пазар најчесто соработуваат и добиваат превозни услуги од домашните транспортни фирми, кои исто така мора да внимаваат на цел сет стандарди во своето работење?**

Примената на стандардите претставува една од основните потреби и услови за успешен развој на македонската економија.

www.amerit.org.mk




## ПРИМЕНАТА НА СТАНДАРДИТЕ ПРЕТСТАВУВА ЕДНА ОД ОСНОВНИТЕ ПОТРЕБИ И УСЛОВИ ЗА УСПЕШЕН РАЗВОЈ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА И КОМПАНИИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ЗАЈАКНАТ СВОЈАТА СВЕСТ ДЕКА ВОВЕДУВАЊЕТО НА СТАНДАРДИТЕ ЌЕ ЈА ПОДОБРИ НИВНАТА КОНКУРЕНТНОСТ ДОМА, А ПОСЕБНО НА НАДВОРЕШНИОТ ПАЗАР

Компаниите треба да ја зајакнат својата свест дека воведувањето на стандардите ќе ја подобри нивната конкурентност дома, а особено на надворешниот пазар. Производите, кои се во согласност со стандардите, се многу поконкурентни и имаат предност пред оние кои не се произведени согласно со стандардите. Стандардот претставува и патна исправа за учество на отворениот пазар на европско, но и на глобално ниво. Еден ист европски стандард се применува во 33 земји, со што се отвора пазар од повеќе од 500 милиони потрошувачи, а со тоа се елиминираат трговските бариери. Токму стандардите можат да им помогнат на компаниите да бидат во согласност со барањата поставени во регулативите на Европската Унија, а безбедни и квалитетни производи можат да се пласираат на глобалниот пазар само со примена на барањата кои се пропишани во стандардите.

Од економски аспект, развојот и употребата на македонските стандарди ги отвора пазарите, но во исто време придонесува за заштитата на животната средина, за сигурноста, безбедноста, здравствената заштита и пристапот до информации и знаење. Што е уште поважно, стандардите претставуваат мост помеѓу производителите и потрошувачите. Тие се незаменлива и моќна алатка за развојот на трговските односи меѓу земјите во светот.

**» ИСРМ е членка на европските тела, комитети за стандардизација. Што значи ова членство и какви обврски, права и должности ви носи тоа како на Институт?**

Институтот за стандардизација на Република Македонија е полноправна членка на Европските комитети за стандардизација CEN/CENELEC од 2012 година, што е од големо значење за развојот на стандардизацијата како еден од столбовите на инфраструктурата на квалитет во Република Македонија, но и исполнување на еден од предусловите на Република Македонија за придружување кон Европската Унија. За полноправното членство на ИСРМ во Европските комитети за стандардизација CEN/CENELEC е потребно исполнување на девет услови од страна на нашиот Институт. Ратификуваниот Европски договор помеѓу ЕУ и Република Македонија, воспоставената законска рамка за доброволна стандардизација, како и постоењето на препознатливо национално тело за стандардизација во земјата кандидат и негово функционирање во согласност со европските принципи за доброволна стандардизација се дел од условите кои не се во целосна надлежност на ИСРМ. Активното учество во работата на европските тела за стандардизација, обезбедувањето на телекомуникациски и IT-ресурси, усвојувањето на минимум 80 % од европските стандарди, повлекувањето на конфликтните национални стандарди, спроведувањето на нотификациските процедури и на процедурите за мирување (standstill) и гаранции за заштита на правата на CEN и CENELEC изданијата, се директно поврзани со организацијата, функционирањето и ефикасноста на работењето на ИСРМ, односно со воспоставувањето на ефикасен систем за стандардизација во Република Македонија, кој ќе овозможи следење и вклучување во стандардизацискиот систем на европско и на меѓународно ниво.

**» Каква е соработката на ИСРМ со АМЕРИТ во поглед на стандардизацијата на услугите што таа ги врши за своите членки, но и за останатите транспортни фирми, а секако и за поединци, односно за граѓаните, сопственици на моторни возила?**

Во ИСРМ постојат технички комитети од различни области, кои се составени од експерти на заинтересирани страни. Експертите од МОТО АМЕРИТ од поодамна се вклучени во ИСРМ ТК 10 Друмски возила, трактори и механизација. Притоа, во подрачјето на работата на овој Технички комитет од областа се стандардите кои се однесуваат на компатибилноста, заменливоста и безбедноста, со посебен осврт на терминологијата и постапките за испитување (вклучително и карактеристиките на инструментацијата) за утврдување на перформансите на следните типови друмски возила и нивна опрема, како што се дефинирани во релевантните поглавја на членот 1 од Конвенцијата за друмски сообраќај, во Виена во 1968 година, одржана под покровителство на Обединетите нации: мопеди, мотоцикли, моторни возила, приколки, полуприколки, лесни приколки, влечни спреги и зглобни возила. Потоа, стандардизација на тракторите, машините, системите, уредите и опремата што се користат во земјоделството, шумарството, како и во градинарството, уредувањето на земјиштето, наводнувањето и во останатите сродни подрачја во кои се користи так-

вата опрема, вклучително електронските и електричните аспекти, како и електронската идентификација на сите категории животни. Овој Технички комитет ИСРМ ТК 10 има своја програма за работа за усвојување на Европски и меѓународни стандарди. Се разбира, доколку има иницијатива да се направи национален стандард од оваа област, ИСРМ секогаш е отворен за соработка. Освен во Техничкиот комитет ИСРМ ТК 10, експертите од Мото АМЕРИТ се вклучени и во работата на Техничкиот комитет ИСРМ ТК 18 – Акредитација, оцена на сообразност и метрологија, каде што претседател на овој комитет од 2018 година е претставник од мото АМЕРИТ.

» **Информациите велат дека на македонскиот пазар има и луѓе-компании, кои издаваат сертификати и тоа по кратка постапка. Кои се Вашите коментари?**

ИСРМ нема такви информации, но сакаме да потенцираме дека процесот на сертификација согласно со стандардите го прават тела за сертификација, кои се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) на национално ниво, или Европски и меѓународни акредитирани институти/тела, чија акредитација е меѓусебно признаена. Акредитацијата претставува транспарентен меѓународно признаен и применлив механизам, инструмент, со кој се остварува доверба во компетентноста врз основа на меѓународни стандарди. Акредитацијата е потврдување од страна на националното тело за акредитација дека определено тело за оцена на сообразноста ги задоволува барањата предвидени со националните, европските и меѓународните стандарди и каде што тоа е применливо, со сите дополнителни барања, вклучително и со оние предвидени во релевантните секторски шеми за акредитација, потребни за вршење на специфична дејност за оцена на сообразност.

На веб-страницата на ИАРМ може да се најдат податоци за акредитираните тела за сертификација, поточно за опсегот на акредитацијата која ја имаат (за кои стандарди можат да издаваат сертификати), кога за првпат биле акредитирани како и за периодот на важноста на акредитацијата. Сакаме да им укажеме на компаниите, кои се заинтересирани за сертификација согласно со стандардите, да внимаваат телото за сертификација кое ја спроведува сертификацијата да биде акредитирано сертификациско тело и да проверат дали акредитацијата е важечка.

» **Во ИСРМ пред неколку години се формираше Сектор за спроведување на постапката на сертификација на сите компании, кои имаат интерес да го воведат основниот стандард ИСО 9001, наменет за организациска и менаџерска поставеност. Како функционира тој, каков е интересот кај македонските компании за примена на европските стандарди и колку тие им помагаат да излезат на европскиот пазар на стоки и услуги?**

Во моментов, ИСРМ е во фаза на екипирање и зајакнување на кадровскиот капацитет на својот Сектор за сертификација, кој ќе се посвети на работата за развивање на услугата за сертификација за стандардот МКС EN ISO 9001:2015. Потоа ќе следува фазата на апликацијата за добивање на акредитација од Институтот за акредитација на Република Македонија, со која ИСРМ ќе биде сертификациско тело и ќе ги исполнува барањата согласно со стандардот МКС

ОСВЕН ВО ТЕХНИЧКИОТ КОМИТЕТ ИСРМ ТК 10, ЕКСПЕРТИТЕ ОД МОТО АМЕРИТ СЕ ВКЛУЧЕНИ И ВО РАБОТАТА НА ТЕХНИЧКИОТ КОМИТЕТ ИСРМ ТК 18 – АКРЕДИТАЦИЈА, ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ И МЕТРОЛОГИЈА, КАДЕ ШТО ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОВОЈ КОМИТЕТ ОД 2018 ГОДИНА Е ПРЕТСТАВНИК ОД МОТО АМЕРИТ






## ВО МОМЕНТОВ, ИСРМ ИМА ПОДГОТВЕНО 73 НАЦИОНАЛНИ МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ И СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ, ДОДЕКА ОСУМ ПРЕДЛОГ-МАКЕДОНСКИ СТАНДАРДИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА

EN ISO/IEC 17021-1:2016 Оцена на сообразност – Барања за телата, кои обезбедуваат проверка и сертификација на системите за управување – Дел 1: Барања. Се надеваме дека ќе можеме во скоро време да одговориме на барањата на компаниите за сертификација согласно со стандардот МКС EN ISO 9001:2015, бидејќи според нашите податоци тој е најбаран и најпродаван стандард. Оваа заинтересираност најверојатно се должи на потребата во рамките на компаниите да имаат спроведено соодветни постапки на управување, односно раководење и спроведување на активностите за работа. Понатаму, многу почесто во јавните тендери се поставува условот компаниите да го имаат имплементирано овој стандард, а некаде и не само овој стандард, но и да имаат сертификат за некој друг стандард во соодветната област, за која се објавува тендерот. Исто така, компаниите ги гледаат и чувствуваат придобивките од примената на стандардите за нивните производи или услуги бидејќи со стандардите се гарантира еднаквост и конкурентност на пазарот.

**» Изминатите години во ИСРМ беше најавено дека ќе се започне со соработка со компаниите за да се утврдат економските бенефити од стандардите. Дали се применува тоа?**

ИСРМ, континуирано, преку тематски презентации и конференции, кои ги организираат техничките секретари за различни области на македонските стандарди во соработка со стопанските комори во Република Македонија, ги информираат компаниите за економските бенефити од соодветните области.

Меѓу економските бенефити од стандардите за индустријата во Република Македонија, може да се набројат следниве: подобрување на производите или услугите, зголемување на конкурентноста, зголемување на довербата, намалување на веројатноста за грешки, зголемување на ефикасноста и намалување на трошоците, компатибилност на производите, олеснување на извозот на стоки, подобрување на можностите за успех, подобрување на задоволството на потрошувачите, намалување на негативните влијанија врз животната средина, сообразност со регулативите.

**» Имавте кампањи за изработување и на македонски стандарди. Како е на овој план денес, кога се знае вредноста на сопствените национални стандарди, која можеме да ја видиме со примерот на Германија, која три проценти од својот БДП го добива од изработка на свои чисто национални стадарди.**

Има сè повеќе и повеќе иницијативи за подготовка на национални, изворни македонски стандарди. Во моментов, ИСРМ има подготвено 73 национални македонски стандарди и стандардизациски документи, додека осум предлог-македонски стандарди се во фаза на изработка. Тие се од повеќе области: нафта, лифтови, животна средина, гас, геотехника, градежништво, еврокодови.

**» Од април 2018 година го водите Институтот за стандардизација на Република Македонија. Кои се вашите главни цели за унапредување и промовирање на стандардизацискиот систем во Република Македонија?**

По стапувањето на функцијата директор на ИСРМ остварив директна средба со претставници на повеќе институции во Република Македонија, со кои потпишав договор за соработка помеѓу институциите и дефинираме насоки за развој на идните заеднички активности. Од средбите и промовирањето на стандардизациските активности е зголемено и членството на заинтересираните страни во ИСРМ за 40 %, споредено со 2017 година. Со примена на стандардите се зголемува квалитетот, сигурноста и здравјето на граѓаните, се отстрануваат пречките во трговијата и се стимулира иновативноста. Истакнувањето на сето ова, на: промотивните настани, прес-конференциите, средбите, работилниците и другите настани на кои учествував, придонесе кон зголемување на јавната свест за бенефитот од примената на стандардите. Оттука, треба да се истакне дека во 2018 година продажбата на стандардите е зголемена за 50 %, споредено со претходната година. Покрај промотивните активности во 2018 година, ИСРМ организираше и одржа обуки за заинтересирани страни од разни области, како на пример: стандарди за градежни производи и стандарди за менаџмент со човечки ресурси, од кои е остварен финансиски приход за ИСРМ. Подготвен е и годишен план за обуки за 2019 година, со селектирани обуки за стандарди по области, во интерес на заинтересираните страни.

На билатерален план, склучени се повеќе договори за соработка помеѓу Институтот за стандардизација на Република Македонија како и институтите за стандардизација од регионот, односно од: Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Бугарија. Имав активно учество и на состаноците на генералните собранија на европските и меѓународните тела за стандардизација CEN (Европскиот комитет за стандардизација), CENELEC (Европскиот комитет за електротехничка стандардизација), ISO (Меѓународната организација за стандардизација) и IEC (Меѓународната електротехничка комисија), преку кои состаноци, се здобиваме со директна комуникација, искуство и пренесување на знаењето од овие тела. Со овие искуства и знаења, можам да кажам дека и во иднина, ќе работам интензивно и посветено за уште поголем напредок на Институтот за стандардизација на Република Македонија.

J.Б.

По неодамна потпишаниот договор на министрите за внатрешни работи




# ВОЗАЧКИТЕ ДОЗВОЛИ СЕ ПРИЗНАВААТ, А МОЖЕ И ДА СЕ ЗАМЕНАТ ПОМЕЃУ МАКЕДОНИЈА И КОСОВО

Македонија и Косово реципрочно ќе ги признаваат возачките дозволи на возачите кои имаат законски престој на територијата на едната или на другата држава

Министрите за внатрешни работи на Македонија и на Косово, Оливер Спасовски и Екрем Мустафа, неодамна, во Приштина, потпишаа Договор за реципрочно признавање на возачките дозволи помеѓу Македонија и Косово, како и Меморандум за соработка од областа на внатрешната контрола.

– Заокруживме едно поглавје од целокупниот процес на воспоставување правна рамка како услов за соработка помеѓу двете министерства за внатрешни работи. Како резултат од оваа средба, произлегува потпишувањето на Договорот меѓу двете Влади за реципрочно признавање на возачките дозволи, меѓународен акт од кој најмногу полза ќе имаат граѓаните на Република Македонија и Република Косово – рече Спасовски.

Македонија и Косово реципрочно ќе ги признаваат возачките дозволи на возачите кои имаат законски престој на територијата на едната или на другата држава. Воедно, граѓаните кои имаат регулирано престој ќе можат, без обврска за полагање теоретски и практичен дел од возачкиот испит, да ја заменат својата возачка дозвола за соодветна од истата категорија и поткатегорија на другата држава. При исполнувањето на ова свое право, граѓаните ќе треба да ја почитуваат административната процедура согласно со пропишаните национални законодавства на двете држави.

Ваков договор пред неколку месеци беше потпишан со Сојузна Република Германија, а претходно и со: Италијанската Република, Кралството Шпанија, Република Албанија, Република Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Освен со овие држави, во тек е процедурата за потпишување договор за признавање и замена на возачки дозволи и со Република Турција, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, кои претставуваат приоритет на Министерството за внатрешни работи, со оглед на фактот дека голем број македонски државјани живеат и работат во тие држави. Министерството за внатрешни работи освен врз основа на потпишаните билатерални договори, врши замена на возачките дозволи и со други држави врз основа на националното законодавство и Виенската конвенција за патен сообраќај од 1968 година.

J.С.Б.

Без виза

## Со македонски пасош може да се патува во 125 земји




Македонија е на 43-то место на листата земји, чии пасоши овозможуваат најлесно патување, покажува рангирањето што го направи агенцијата Henley Passport Index за 2019 година. Со македонски пасош слободно, без виза, може да се патува во 125 земји, а од земјите во регионот, пасошот со кој најлесно се патува го има Грција, која е на седмото место, потоа Словенија на 11 место, Бугарија на 19 место, Хрватска на 20 место, по неа Србија на 40 место, Црна Гора на 45, Босна и Херцеговина на 49, Албанија на 50, а најслабо рангирано е Косово – на 90 место.

На ранг-листата на Henley Passport Index, најмоќен пасош има Јапонија, чии граѓани со своите пасоши може да патуваат во 190 земји и територии низ светот, По Јапонија, на листата на Henley Passport Index следуваат Сингапур и Јужна Кореа со достапни 189 земји, па Франција и Германија со 188, потоа Данска, Финска, Италија и Шведска со 187, а жителите на Луксембург и Шпанија може да патуваат слободно во 186 земји. На дното на листата, од вкупно рангирани 190 земји, се наоѓаат: Пакистан, Сомалија, Сирија, и Авганистан и Ирак.

Промовирана владината Национална транспортна стратегија




# ДО 2030 ГОДИНА ЌЕ СЕ РАБОТИ НА ВКУПНО 104 ПРОЕКТИ

За оваа значајна бројка на проекти и активности, предвидени со Стратегијата, ќе се потрошат 4,2 милијарди евра што ќе се обезбедат со дел од државниот буџет, со кредити и со ИПА-средства од Европската Унија

На вкупно 104 проекти и инвестициски активности ќе се работи во транспортот во Македонија во наредните 12 години, од кои најголемиот дел во патната и железничката мрежа, а за нив севкупно ќе се потрошат 4,2 милијарди евра, кои ќе се обезбедат со дел од државниот буџет, со кредити и со ИПА-средства од Европската Унија. Ова се предвидува со Националната транспортна стратегија 2018 – 2030 што на предлог на Министерството за транспорт и врски ја донесе Владата кон крајот на декември, а која беше промовирана во јануари.

– Крајната цел на Националната стратегија за транспорт е да се развие хармонизиран транспортен сектор што е меѓународно компатибилен и интегриран во европскиот систем на транспортни мрежи, а кој ќе го стимулира економскиот и социјалниот развој на земјата, ќе ја чува животната средина и ќе ги обезбедува потребите на идните генерации – истакна на промоцијата министерот за транспорт и врски Горан Сугарески. Тој додаде и дека проектите од Стратегијата ќе се реализираат согласно со приоритетите на Владата, при што најголемиот дел од тие во патниот сообраќај треба да бидат завршени до 2020 – 2021 година, а во делот на железницата е планирано до 2025 година. Притоа, со Националната транспортна стратегијата е предвидено да се постигнат четири главни цели. Првата цел е зајакнување на интеграцијата во ЕУ и промовирање на регионалната соработка преку завршување на патната и железничката мрежа на паневропските коридори и европските рути, а втората е подобрување на економската одржливост на национално ниво заради повисоко рангирање на земјата со Индексот на логистички перформанси на Светска банка. Третата цел е воведување на „зелена мобилност“ и логистика, фокусирана на еколошката ефикасност на транспортниот сектор преку намалување на емисиите стакленички гасови од транспортот за 15,1 % во 2025 година и за 18,6 % во 2030 година, споредено со претходните нивоа. Четвртата е воспоставување на сигурен и безбеден транспортен систем во сите видови транспорт, преку намалување на бројот на смртни случаи на патиштата до 50 % до 2030 година.

Исто така, како дел од приоритетите е планирано завршување и модернизација на патните и железничките коридори 8 и 10, а меѓу покрупните патни проекти, министерот Сугарески ги наброја: довршување на автопатот Кичево – Охрид, изградба на нови автопатишта од Гостивар до Кичево и од Скопје до Блаце, изградба на ниво на автопат на делницата од Крива Паланка до граничниот премин Деве Баир, надградба на регионалниот пат Куманово – Страцин и на автопатската делница Струга – Ќафасан, потоа, завршување на Коридор 10Д преку изградба на експресниот пат од Градско до Прилеп, а на ниво на автопат од Прилеп до Битола и изградба на нов експресен пат од Битола до Меџитлија. Овде спаѓа и изградбата на ниво на автопат на делницата од Струмица до границата со Бугарија и воведувањето на електронска патарина на Коридорите 10 и 8.

Во делот на железницата, покрај пругата од Куманово до бугарската граница и од Кичево до границата со Албанија (за да го комплетираме цел Коридорот 8), проекти што ќе се финансираат преку нови кредити, е планирана и реконструкција на пругата од Скопје до границата со Косово и воведување железничка линија од Скопје до скопскиот аеродром, што не е нова идеја, но сега се наметнува и како потреба со зголемениот број на превезени патници на аеродромот во последниве неколку години.

За подобрување на економската одржливост, на национално ниво се предвидени проектите за: изградба на заеднички граничен премин на Табановце со Република Србија, модернизација и обезбеду-




## ЦЕЛТА Е ДО 2030 ГОДИНА, НАЦИОНАЛНИОТ ТРАНСПОРТЕН СИСТЕМ НА МАКЕДОНИЈА ДА СЕ СОСТОИ ОД ИНТЕГРИРАН ПАТНИЧКИ, ЖЕЛЕЗНИЧКИ, ВОЗДУШЕН И УРБАН ТРАНСПОРТ, ЕФИКАСНО РЕГУЛИРАН СО ОДРЖЛИВА ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

вање на железничките премини, поставување на заштитна ограда на автопатот долж Коридор 10, воведување на РАМС и РИМС-системите за автоматско снимање на оштетените делови на патиштата и пругите, воспоставување на Национална воздухопловна стратегија, развој на урбаниот транспорт со посебен фокус на „зелениот транспорт“, субвенционирање на билети за јавен транспорт и воспоставување на велосипедски и пешачки патеки и зони. Стратегијата, исто така, предвидува во Скопје да се воведе еден билет за сите превози, вклучувајќи го и трамвајскиот (ако се реализира) како и субвенционирање на јавниот превоз.

Со цел намалување на загадувањето и воведување на еколошкиот транспорт во план е: развој на железничката инфраструктура како зелен транспорт што ќе придонесе за помало загадување преку намалувањето на користењето на автомобилите, како и изградба на мултимодален јазол што подразбира вкрстување на едно место на трите видови транспорт: патнички, железнички и авионски. Авионскиот е предвиден заради близината на Меѓународниот аеродром – Скопје, а тука е предвидена и изградба на логистички центри во смисла на: царина, шпедиција, пошта и слични услуги за олеснување на процедурите на едно место.




Стратегијата подразбира и воспоставување на систем за зголемување на безбедноста во сите аспекти од сообраќајот што вклучува: формирање на извршно тело за безбедност во сообраќајот, мерка која веќе е најавена од Министерството за транспорт и врски и од Владата. Понатаму, детектирање на сите црни точки на патиштата и подобрување на безбедноста во овој дел и воспоставување на интелигентен транспортен систем на Коридор 10 што опфаќа мониторинг преку следење на сообраќајот во реално време и отстранување на евентуалните пречки.

– Ова се само дел од проектите што се опфатени со Стратегијата, а спомнав ги има преку стотина. Нашата цел е до 2030 година, Националниот транспортен систем на Македонија да се состои од интегриран патнички, железнички, воздушен и урбан транспорт, ефикасно регулиран со одржлива транспортна политика – нагласи министерот за транспорт и врски, Сугарески, кој наведе и дека Националната транспортна стратегија е изготвена врз основа на деталназа анализа на состојбите во целокупниот транспорт. Таа овозможува проценка на најдобрите решенија и дефинирање на транспортните цели на Владата за постигнување на високо ниво на одржливост и ефикасност во националниот транспортен сектор. Тој додаде и дека проектите од Стратегијата ќе се реализираат согласно со приоритетите на Владата.

Ј.Б.

Владата најави, историски, најголеми вложувања во патната инфраструктура




# ГОДИНАВА СО ИНВЕСТИЦИИ ОД НАД 1,2 МИЛИЈАРДИ ЕВРА НА 770 КИЛОМЕТРИ ПАТИШТА

Како што истакна и премиерот, Зоран Заев, оваа година започнува реализацијата на 43 нови патни делници во должина од 421 километар и во вредност од 236 милиони евра

Годинава, со почетокот на градежната сезона ќе започне реализацијата на новите и продолжувањето на изградбата на веќе започнатите патни делници, како и рехабилитацијата на најголемиот дел од постојните патишта, севкупно во должина од преку 770 километри, а со вкупна вредност од една милијарда и 270 милиони евра. Притоа, добар дел од оваа сума или 236 милиони евра се нови инвестиции за 421 километар нова патна мрежа. Практично, оваа година се планира да се започнат нови проекти за изградба и рехабилитација на 43 патишта, како и да продолжи изградбата и реконструкцијата на 27 патни правци, на кои работите се веќе започнати. Сите тие активности треба да обезбедат заздравување и раст на градежништвото, а во нив директно или индиректно ќе бидат вклучени околу 10.000 лица. Ова неодамна го најави премиерот Зоран Заев, заедно со заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Кочо Анѓушев, министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески и директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов.

– Изградбата на инфраструктурата е важна за развој и економски раст на државата и затоа како врвен приоритет ја најавуваме оваа година, кога во сите региони ќе се гради со полн капацитет. Стратешки проекти, на кои засилено ќе се работи, се продолжувањето на изградбата на автопатиштата: Кичево – Охрид, Миладиновци – Штип (кој треба наскоро да се пушти во сообраќај), Скопје – Блаце (кој треба да почне да се гради) и експресниот пат Ранковце – Крива Паланка (чија изградба е во тек) – соопшти премиерот Заев и додаде дека добрата и безбедна патна инфраструктура е главен предуслов за привлекување домашни и странски инвестиции и за локален економски развој.

Вицепремиерот Анѓушев потсети дека 2019-тата година е најавена како економска година и дополни дека изградбата и рехабилитацијата на патиштата во земјата се едни од активностите потребни да се реализираат за да се постигне економски раст. Тој потенцираше дека очекува по започнувањето на градежната сезона да нема ниту една слободна градежна машина во Република Македонија, а земјата да биде едно големо градилиште.

– Во овој момент, во Република Македонија се градат и рехабилитираат патишта како никогаш досега. Во 2018 година се завршени активностите на 192 км, со вредност од 30 милиони евра. Тоа не е доволно и токму поради тоа градежништвото во минатата година бележеше негативни стапки на раст. Сите овие проекти, чија вкупна вредност надминува 1,27 милијарди евра, се технички подготвени, имаме обезбедено финансиски средства и подготвени се за имплементација. Доколку вкупните градежни активности изнесуваат од 55 – 60 милиони евра на месечно ниво, вклучително со активностите на приватниот сектор, ќе ги вратиме позитивните стапки на раст на градежништвото, а со тоа и повисоките стапки на економски раст – потенцираше вицепремиерот Анѓушев.

Министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, потенцира дека лани се почнати најкрупните инвестиции во патната инфраструктура, а годинава темпото ќе биде уште позасилено со многу нови проекти.

– Сакам да потенцирам дека Програмата за патишта за 2019 година е уште пообемна и очекуваме со градежната сезона да ги ставиме во погон сите градежни компании. Се градат два автопати, четири

експресни патишта и се рехабилитираат над 20 поголеми регионални патни правци. Во моментов Македонија е огромно градилиште. Нема место или општина каде што не се гради – рече Сугарески.

Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, информираше дека ЈП ДП има спроведено тендерски постапки за рехабилитација на 39 патни правци, кои веднаш, уште во првиот квартал, штом дозволат временските услови, ќе започнат да се градат.

– Во 2019, се продолжува со изградбата на автопатиштата и експресните патишта со вкупна должина од 144 км и вкупна вредност од 770 милиони евра – соопшти Китанов и информираше дека преку „Македонија пат" се рехабилитира уште 41 патен правец, со вкупна должина од 93 км, во износ од девет милиони евра. Веднаш може да се работи и на рехабилитацијата на 39 патни правци од вкупно 400 километри, со планирана вредност од околу 45 милиони евра, а овие работи треба да завршат во јули годинава. Во вториот квартал ќе започне рехабилитацијата на 17 патни правци во должина од 150 километри и вредност од 24 милиони евра. Работите се планира да завршат до крајот на оваа или до почетокот на наредната година. Во третиот и во четвртиот квартал ќе започне рехабилитацијата на девет патни правци, со вкупна должина од 125 километри и вредност околу 35 милиони евра, а се планира да бидат завршени следната година.

– По многу години во Македонија ќе се градат четири нови мостови, а 12 ќе претрпат целосна реконструкција, со вкупна вредност од 13,6 милиони евра и рок на завршување 2019 – 2020 година – рече Китанов, кој наведе и дека годинава со 4,3 милиони евра ќе се санираат 12 свлечишта и ќе се проектираат 33 патни правци за да се обезбеди комплетна документација и да може да се располага со донации.

Ј.С.Б.

Кај наплатната станица Петровец

# Нов и модерен Центар за контрола на сообраќајот на патарините



Центарот за мониторинг и контрола на сообраќајот на сите наплатни станици на автопатиштата во Македонија, лоциран кај патарината Петровец, наскоро треба да биде пуштен во употреба. Тој е дел од новиот систем за електронска наплата на патарините, кој за наплатните станици на автопатиштата долж Коридорот 10 е во завршна фаза и треба да биде пуштен до мај годинава. Според министерот за транспорт и врски, Горан Сугарески, кој заедно со директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов, кон крајот на јануари го посети Центарот за мониторинг и контрола Петровец, со неговото пуштање во употреба ќе се олесни протокот на возилата на патарините и ќе се намали метежот, особено во летниот период бидејќи ќе биде олеснета комплетната процедура за минување на наплатните станици.

– Овој центар е дел од модернизацијата на наплатната станица Петровец, која е во завршна фаза, а која е составен дел од проектот за модернизација на патарините, чија вкупна инвестиција изнесува околу 18,6 милиони евра. Целосно се модернизирани и проширени патарините: Романовце, Отовица и Сопот, а во завршна фаза се и наплатните станици Градско и Гевгелија. Очекуваме електронската наплата на Коридор 10 да започне за неколку месеци – изјави министерот Сугарески.

Преку Центарот, во прво време, ќе се контролираат сите патарини на коридорите 10 и 8, а во иднина со него ќе бидат поврзани и камерите што за една до две години треба да бидат поставени долж сите автопатишта, како и контролните пунктови во Неготино кај автопатот Демир Капија – Смоквица и тој што ќе се гради во Кичево, за автопатот кон Охрид. Има и посебен кол-центар каде што ќе може да се пријават проблеми на патиштата, а дел од објектот ќе биде наменет за архивски материјали.

– Од Центарот ќе може да се контролира и мониторира целиот сообраќај во Македонија. Што и да се случи, да не се создаваат колони од автомобили и да не се чека, на пример, за сообраќајка која го запрела патот, туку навреме да може да се пренасочи сообраќајот и да се интервенира и со амбулантни и со противпожарни возила. Ова ќе биде околу на целата патна инфраструктура во Македонија – изјави Зоран Китанов, директор на ЈП за државни патишта.

Инаку, во мај треба да биде пуштена и новата патарина кај Гевгелија, а до јуни и таа кај Демир Капија. По новиот и веќе готов автопат Миладиновци – Штип, кој е во фаза на предавање во употреба, на почетокот ќе се вози бесплатно бидејќи допрва ќе започне изградбата на двете планирани патарини.

На патарините на Коридор 8, се поставени нови кабини, а претстои промена на софтверот и поставување камери за категоризација и читачи.

На стартот на новиот електронски систем за наплата, со кој патарина ќе се плаќа со бесконтактни смарт-картички и со микробранови транспондери, одреден временски период ќе има можност и за плаќање во готово.

www.amerit.org.mk

Од годинава во царинските испостави во земјава





# СИТЕ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ ЌЕ СЕ ПОДНЕСУВААТ ЕЛЕКТРОНСКИ

Системот за управување со царински декларации на почетокот на февруари ќе почне да се применува на 11 пилот-проект царински испостави, а веќе од средината на годината во сите царински испостави

Годинава сите царински декларации и акцизни документи ќе се обработуваат електронски – ова беше истакнато при неодамнешната посета на министерот за финансии, Драган Тевдовски и средбата со директорот Ѓоко Танасоски и раководниот тим на Царинска управа на РМ. Притоа, како што беше најавено, системот за управување со царински декларации во почетокот на февруари, ќе почне да се применува на 11 пилот-проект царински испостави, а веќе од средината на годината ќе почне неговата примена во сите царински испостави во земјава.

– На овој начин, за фирмите значително се скратуваат трошоците и се намалува времето. Сите документи ќе се поднесуваат електронски. Наша цел е да се автоматизираат процесите и со тоа да им се понудат подобри услуги и на граѓаните и на компаниите – истакна министерот Тевдовски.

Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи ќе овозможи и размена на податоците со другите институции, кон кои се поднесуваат царински декларации, како на пример со Управа за јавни приходи, при поднесување на ДДВ пријави или со Завод за статистика и Народна банка, за податоци за увоз и извоз.

Во првата половина од годинава ќе биде пуштен и нов терминал на граничниот премин Ќафасан, посочи директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски. Проширувањето на царинскиот премин Ќафасан опфаќа нов увозно-извозен царински терминал од 9,5 илјади м2 пристапни патишта, објекти за царинење и за други инспекциски органи (објект за Царинската управа, водовод и канализација, осветлување, изградба на пречистителна станица), како и реконструкција на постојните објекти.

– Општата цел на проектот е олеснување на прекуграничните постапки и спроведување на законите што ќе се постигне со реконструкција на објектите за царинење и инспекција, обезбедени подобри услуги за економските оператори и побрз проток на стоката, како и зајакната заштита на државата и општеството – рече Танасоски.

Инаку, минатата година, како што истакна Танасоски, во употреба беше пуштен новиот царински терминал на граничниот премин Табановце. Надградбата на терминалот, овозможува олеснување на прекуграничната трговија долж Коридорот 10 и спроведување на царинските постапки во модерни капацитети. Во доменот на примена на концептот Овластен економски оператор, беше посочено дека идните активности на Царинската управа ќе тежнеат кон зголемување на бројот на издадени одобренија преку натамошна промоција на концептот, како и советување на компаниите и помагање при соочувањето со новините од овој концепт.

За имплементација на новиот компјутерски систем СОЦДАД на Царинската управа

## Состаноци и разговори со софтверски фирми и со економски оператори

Царинската управа продолжува со активностите за ставање во функција на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД). Овој систем овозможува поднесување и обработка на електронски царински декларации и акцизни документи и тоа: преку веб-портал, со внесување на декларацијата во веб-форма овозможена од Царинската управа и „систем кон систем" комуникација, со примена на веб-сервиси.

Заради дополнителни објаснувања за софтверските компании, кои работат на решенија за „систем кон систем" комуникација со СОЦДАД, Царинската управа во средината на декември минатата година, одржа работен состанок со сите заинтересирани економски оператори. На состанокот беше презентирана тековната состојба и плановите на Царинската управа за ставање во функција на СОЦДАД, а Управата побара од софтверските компании да предложат дополнување на веќе објавената документација на интернет-страницата, доколку е потребно за нивниот развој на софтвер. Присутните беа информирани дека Царинската управа планира да започне пилот-проект за имплементација на СОЦДАД на почетокот од февруари 2019 година, во одредени царински испостави. Целосното ставање во продукција на сите модули од системот е планирано за 1 јуни 2019 година. Состаноците со софтверските фирми и со економските оператори, кои се вклучени во спроведување на царинските постапки, ќе продолжат да се одржуваат и во наредниот период.



На промотивен настан во Владата



# АД „ЕВРОПА" ГО ДОБИ ПРВИОТ СЕРТИФИКАТ ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР

Премиерот Зоран Заев и директорот на Царинската управа Ѓоко Танасовски, на почетокот на годинава одобрението за ОЕО го врачија на генералната директорка на АД „Европа", Марика Караџова

АД „Европа", реномираната компанија од Скопје го доби првиот сертификат за овластен економски оператор од Царинската управа на Македонија. На пригоден промотивен настан во Владата, одржан во почетокот на годинава, премиерот Зоран Заев и директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски одобрението за ОЕО го врачија на генералната директорка на АД „Европа", Марика Караџова.

– Овластениот економски оператор претставува нов концепт и модернизација на царинското и надворешно-трговското работење, кој произлегува како реформа од Берлинскиот процес и Протоколот 5 од ЦЕФТА и вклучување на македонските компании во регионалните и глобалните синџири на снабдување. Со овие интеграциски процеси доаѓа до силно јакнење на регионалната економија, токму преку концептите како што се: овластениот економски оператор, заедничките царински и гранични контроли, заедничките профили за анализа на ризик и размена на информации. Поседувањето на сертификат за овластен економски оператор за компаниите ќе значи дека ги исполнуваат економските и безбедносните стандарди за вршење на надворешна трговија – порача премиерот Заев во своето обраќање, истакнувајќи дека ваквиот сертификат истовремено е и инвестиција за производителите, транспортерите, шпедитерите и увозниците со царински стандард, кој и дома и во странство е показател дека компанијата силно работела на подигнување на нивото на сопствената конкурентност.

Директорот на Царинската управа, Танасоски, посочи дека АД „Европа" е првата фабрика што добива статус на Овластен економски оператор, но во процес е издавањето на уште три одобренија за ОЕО, а десетина други компании најавија поднесување на барања за негово добивање.

– Со добивање статус на ОЕО, македонските компании покрај поволностите во царинското подрачје на Република Македонија, ќе може да ги добијат истите по-




волности во сите ЦЕФТА-страни, односно можност за поголемо користење на поедноставените царински постапки, приоритетен третман при спроведување на царинските контроли, намален број на физички и документарни контроли од царинските органи, избор на местото за контрола, како и други директни и индиректни поволности. Сето ова треба да придонесе за намалување на времето на царинење на стоките, намалување на трошоците за увоз и извоз, зголемување на конкурентноста и поголема интеграција на македонските компании на регионалните и европските пазари. Тоа треба да придонесе за зголемување на нивната професионалност, претприемачки дух и финансиски капацитети – нагласи Танасоски, кој додаде дека покрај ОЕО, со новиот систем за електронска обработка на царинските декларации ќе се воведе и концептот на дигитална царина, отворајќи потенцијали за поволно царинско опкружување и раст на производството, извозот и инвестициите.

Директорката на домашната производствена компанија АД „Европа" од Скопје, Марика Караџова, во своето обраќање зборуваше за економските перформанси на компанијата, за значењето и придобивките што компанијата ќе ги има со добивањето на овој сертификат, за процесот на апликација и изрази благодарност до Владата на Република Македонија за поддршката, што им ја дава на компаниите преку Планот за економски раст за зголемување на конкурентноста.

За воведување на коцептот ОЕО кај нас, во минатата година беа донесени соодветни измени на Царинскиот закон и на уредбата на овој закон. Инаку, во светот има 77 програми за овластени економски оператори и 17 во најава, а според податоците на Светската царинска организација, постојат 35 договори за меѓународно признавање, од кои 35 се во фаза на преговарање.

Средба Танасоски – Ван Менс

## Истакната успешната соработка помеѓу царинските служби на Македонија и Холандија

Во просториите на Царинската управа неодамна беше остварена протоколарна средба помеѓу директорот на Царинската управа, Ѓоко Танасоски и заменик амбасадорот на Кралството Холандија во нашата земја, Андри ван Менс. На средбата беа истакнати придобивките од досегашната успешно спроведена билатерална соработка помеѓу царинските служби на Холандија и Македонија, која датира од 2003 година, а особено соработката во периодот 2003 – 2012, со која се даде поддршка во унапредувањето на царинските постапки кај увозот за облагородување, економски ефект и акцизни добра, унапредување на работата на царинската лабораторија, како и воспоставувањето на систем за адекватна заштита на правата на интелектуална сопственост. Исто така, беа презентирани и активностите кои Царинската управа ги реализира во 2018 година, во насока на надградба на стекнатите придобивки од воспоставената соработка, како и други активности за подобрување на царинското работење, пред сè на полето на компјутеризацијата и олеснувањето на трговијата.

По презентирањето на претстојните приоритетни и стратешки активности на Царинска управа на Република Македонија, беа разменети и предлози за идни заеднички дејствувања во рамките на билатералнате соработка и нејзиното проширување.

ИРУ до членовите на ЕП за Пакетот за мобилност 1



# ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПАТЕН ТРАНСПОРТ БАРА ЕДНОСТАВНОСТ И ФЛЕКСИБИЛНОСТ ВО ПРИМЕНАТА НА ПРАВИЛАТА

ИРУ ги повика членовите на Европскиот парламент да не ги изгубат од вид четирите важни принципи на индустријата за патнички и стоковен патен транспорт

Пред гласањето на Европскиот парламент за Пакетот за мобилност 1 во средината на јануари, Меѓународната унија за патен транспорт – ИРУ ги повика членовите на Европскиот парламент да не ги изгубат од вид важните принципи за индустријата за патнички и стоковен патен транспорт, за професионалните возачи, економијата и општеството. Притоа, ИРУ дава поддршка за компромисни решенија, но повикува да се почитуваат и четирите главни принципи за да се обезбеди успешното функционирање на внатрешниот пазар и да се заштитат европските работни места:

1. **Спроведување:** Правилата треба да бидат транспарентни и применливи за властите.
2. **Едноставност:** Правилата треба да бидат едноставни за друмските патнички компании. Моделот на 28 решенија не е применлив за транспортните оператори и за возачите.
3. **Флексибилност:** Правилата треба да бидат доволно флексибилни за операторите и возачите, а истовремено треба да гарантираат сигурност.
4. **Специфични правила за превоз на патници:** Различната природа на бизнисот со автобуски превоз, во служба на милиони патници во ЕУ, мора да биде препознаена според приспособени одредби за времето на возење и за привремената работа во странство.

Во врска со ова, Матијас Мец, раководител за работата на ИРУ во ЕУ, вели:

– Нашата индустрија е загрижена за безбедноста и благосостојбата на возачите како синдикати. Ова е причината поради која е важно да се разберат потребите за професијата и за мобилноста во прекуграничниот и во меѓународниот транспорт. Возачот треба да може да се врати дома во рамките на референтниот период од четири недели. Ова, исто така, ќе им овозможи на операторите да ги приспособат своите активности за да можат да ги завршат патувањата во ЕУ до три недели. Повикувањето за помала флексибилност само ќе ја влоши ситуацијата на европските паркинзи. Иако некои од актуелните предлози за времето на возење и одмор не ги задоволуваат нашите очекувања, тие означуваат добра почетна точка за трилатералните преговори – истакнува Мец.

Патниот транспорт бара доволна флексибилност, вклучително и во областа на возење и одмор, со цел да се задоволи побарувачката на потрошувачите и општеството. Компаниите и возачите можат да имаат корист само ако оваа корелација е јасна за сите носители на одлуки. Според националните истражувања, на пример, спроведени од страна на BGL во Германија во 2018 година, поголемиот дел од возачите, или 51 % од вкупно 4.056 возачи, бараат поголема флексибилност за времето на возење и за привремената работа во странство.

Се зголемува бројот на држави што го применуваат e-CMR

# ДИГИТАЛНИОТ ТРАНСПОРТ СЕ ПРОШИРУВА И ВО РОМАНИЈА И ВО ФИНСКА

Транспортните оператори, возачите и оние кои примаат пратки сè повеќе го користат товарниот лист на e-CMR, кој до неодамна беше издаван само во хартиена форма

Зголемениот интензитет на примена на e-CMR го одбележува клучниот пресврт кон целосно бесхартиени транспортни операции, со дигиталната инфраструктура за поддршка на нови иновации. По успешните напори од романската членка на ИРУ, UNTRR, нејзиниот претседател Клаус-Вернер Јоханис потпиша одлука, со која ќе следува пристапување на Романија кон e-CMR во следните месеци. Веста ветува подобрување на конкурентноста на меѓународниот пазар за Романија и сигнализира обновен поттик за дигитални транспортни операции ширум Европа во 2019 година и пошироко.

ИРУ за последиците од политичките превирања во ЕУ



# РИЗИКОТ ОД ОТФРЛАЊЕТО НА ДОГОВОРОТ ЗА БРЕГЗИТ ЈА ЗАГРОЗУВА ИНДУСТРИЈАТА ЗА ПАТЕН ТРАНСПОРТ

ИРУ е длабоко загрижен за ефектите од отфрлањето на договорот за Брегзит за комерцијалниот патен превоз, за превозот на патници, како и за огромното влијание што ќе го има врз економиите на Велика Британија, ЕУ и нивните граѓани

Гласањето на Британскиот парламент против договорот за престанок на преговорите со ЕУ и Велика Британија значително го зголемува ризикот од отфрлањето на договорот за Брегзит, со сериозни последици за индустријата за патен транспорт. ИРУ е длабоко загрижен за ефектите од отфрлањето на договорот за Брегзит за меѓуканалниот комерцијален патен превоз, за превозот на патници, како и за огромното влијание што ќе го има врз економиите на Велика Британија, ЕУ и нивните граѓани. Плановите за непредвидените ситуации од спорот на Европската комисија и владата на Велика Британија нема да можат да ги исполнат оперативни потреби на компаниите за комерцијален патен транспорт и нивните клиенти. Тоа го посочува и Матијас Мец, шефот на ИРУ во ЕУ, кој осврнувајќи се на овој проблем неодамна истакна:

– Брегзит не требаше да биде опција, но сега е блиску до тоа да биде факт. Со само два месеци пред остварувањето, нејаснотиите се сè уште најголемиот предизвик. Треба да се очекуваат исклучително сериозни економски последици за општеството и за бизнисите бидејќи сè уште недостасува јасност за царината и пристап на пазарот за милиони комерцијални патни транспортни операции од и до Велика Британија годишно. Трговијата и снабдувањето со стоки ќе страдаат, трошоците ќе се зголемат за најмалку 10 %. Во нормален ден, до 10.000 камиони поминуваат само низ пристаништето Довер. ИРУ останува убеден, и покрај сите планирања за непредвидени ситуации, дека операторите за комерцијален патен сообраќај, нивните клиенти и влади можат да бидат подготвени за сценарио без договор, до 30 март 2019 година – рече Мец.

„Не договор“ значи дека компаниите за превоз на патници ќе почувствуваат сериозно намалување на нивните оперативни права на пазарот и тоа ќе има негативно влијание врз снабдувањето со стоки. Голем број компании во ЕУ се соочуваат со суспензија на операциите во деновите по крајниот рок на Брегзит. Затоа, ИРУ ги повика политичарите од ЕУ и од Велика Британија да обезбедат јасност во понатамошниот период (по 30 март 2019 година) и да ги зголемат своите напори за да ги постават вистинските решенија за патниот сообраќај.



Неодамна и Финска пристапи кон e-CMR, со протоколот кој треба да влезе во сила во април оваа година. Овој потег ветува значителни придобивки за транспортната индустрија, со намалување на трошоците преку побрз и потранспарентен внес на податоци и нивна размена во транспортот и трговијата.

Познато е дека правилата за превоз на стока на меѓународно ниво се опфатени со конвенцијата на Обединетите нации за превоз на стоки, CMR-Конвенцијата за Договорот за меѓународен превоз на стоки по пат. Транспортните оператори, возачите и оние кои примаат пратки го користат товарниот лист на e-CMR, кој до неодамна беше издаван само во хартиена форма. ИРУ го поддржува развојот на CMR / e-CMR со децении и сè уште им помага на властите низ целиот свет преку советодавни услуги за пристапување, обука, пилот-проекти и донесување на CMR/e-CMR во индустријата. Протоколот e-CMR стапи во сила на 5 јуни 2011 година, а до денес договорни страни се: Бугарија, Чешка, Данска, Естонија, Франција, Иран (Исламска Република), Латвија, Литванија, Луксембург, Холандија, Република Молдавија, Руската Федерација, Словачка, Словенија, Шпанија, Швајцарија и Турција.

www.amerit.org.mk

Ќе стане ли реалност повеќедецениската желба на скопјани?




# ТРАМВАЈОТ ПОВТОРНО „ВО ИГРА“ КАКО РЕШЕНИЕ ЗА СКОПСКИОТ ЈАВЕН ПРЕВОЗ

**Градоначалникот Шилегов вели дека во соработка со експерти од збратимениот град Загреб, веќе е подготвено техничко решение за изградба на првата фаза на трамвајот, во вредност од 130 до 150 милиони евра**

Проектот за воведување трамвај во Скопје повторно е актуелен како можно решение за јавниот превоз во главниот град. Со најавата на градоначалникот Петре Шилегов, кон самиот крај на минатата година, овој проект, кој постојано е предмет на дискусии и анализи меѓу скопјани, сега полека како да почнува да се конкретизира и покрај многубројните непознаници што го придружуваат. Имено, градоначалникот Шелегов објави дека во соработка со збратимениот град Загреб и експерти од неговите технички и сообраќајни служби, а заедно со претставници од Загрепски електричен трамвај (ЗЕТ), е подготвено техничко решение за почеток на првата фаза во Скопје.

– Станува збор за првата фаза од Ново Лисиче до Ѓорче Петров, со изградба на депо, за што е изготвена целосна сообраќајна студија со техничко решение за изградба на трамвајот што како документ претставува доволен квалитет за да може да се почне со изведбата – истакна неодамна Шилегов.

Првичните проценки велат дека изградбата на овој зафат би чинела од 130 до



150 милиони евра што според градските власти, ќе се бараат од европските фондови или од државниот буџет, и тоа за изградба на шините, депото и за набавка на возила. Моите очекувања се дека со реализација на овој проект, многу брзо, јавниот транспорт во Скопје ќе стане финансиски исплатлив имајќи предвид дека сега Град Скопје издвојува девет милиони евра од буџетот за помагање на јавниот транспорт – потенцира Шилегов.

Инаку, изградбата на трасата на идната трамвајска линија ќе го затвори за сообраќај најстрогиот центар на градот (кај Рекорд), каде што е предвидено да не се движат автомобили туку ќе биде дозволено да минува само трамвајот и автобусите од градскиот превоз. Според сообраќајниот проект и техничкото решение изготвени од „Загрепски електричен трамвај“ (ЗЕТ), трасата ќе почнува во Ѓорче Петров, ќе се движи по „Партизанска“, ќе врти на булеварот „Климент Охридски“ и ќе влегува во централното градско подрачје, потоа покрај Собранието, Црвениот крст и „Веро центарот“ под Железничката станица, па преку булеварот Јане Сандански ќе се движи кон Аеродром и ќе завршува во Ново Лисиче, (последната станица на автобуските линии 5 и 15), каде што треба да се гради и депо. Нема да може да минува низ Плоштадот и покрај кејот, поради градбите што низ годините никнуваа тука, а единствена дилема околу трасата на трамвајот, според градоначалникот Шилегов, е дали тој да се движи по средината на булеварите или по крајните десни линии. Но, проектот на „Загрепски електричен трамвај“ (ЗЕТ) ги предвидува и двете варијанти. По заокружувањето на проектната документација што се очекува во наредните месеци, изградбата на скопската трамвајска линија ќе започне истовремено од двете почетни позиции во Ново Лисиче и во Ѓорче Петров, а таа, како што вели градоначалникот, ќе замени 40 отсто од автобуските линии на овој потег.

J.С.

Потпишан договорот со ЕБОР за заем од десет милиони евра



# ЈСП „СКОПЈЕ“ ЌЕ СЕ ПОДНОВИ И МОДЕРНИЗИРА СО 35 ЕКОАВТОБУСИ

**Новите автобуси, кои користат гас како погонско гориво, се со ЕУРО 6 стандард и тие ќе ги исфрлат од употреба старите дотраени дизел-автобуси на ЈСП, со ЕУРО 2 стандард**

До крајот на оваа или во почетокот на идната година, Скопје ќе добие 35 нови автобуси на гас што ќе се набават со 10 милиони евра од Европската банка за обнова и развој, со која кон крајот на јануари беше потпишан договорот за заем. Потписи на договорот ставија Кристијан Чушков, директорот на ЈСП „Скопје“ и Лин О'Грејди, заменик директор на ЕБОР, додека градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов и министерот за финансии, Драган Тевдовски ги потпишаа договорите за општинска и државна гаранција на заемот. Во вкупната финансиска конструкција на оваа набавка ЈСП учествува и со сопствени средства во износ од 1,8 милиони евра, а ЕБОР дава и грант од 1,1 милион евра за техничка соработка при подготовка на проектот.



Посочувајќи дека новите автобуси ќе возат на еколошко гориво, со ЦНГ- технологија на компримиран гас, со ЕУРО 6 стандард на загадување, градоначалникот Шилегов нагласи дека по седум години ова е првата набавка на автобуси за ЈСП што претставува релативно долг временски период кога е во прашање обновата на возниот парк.

– Овие автобуси ќе ги исфрлат од употреба старите дотраени дизел-автобуси на ЈСП, со ЕУРО 2 стандард, без клима и без дополнителна опрема. Голем дел од автобусите ќе бидат нископодни зглобни – дводелни, а преостанатите ќе бидат нископодни единечни. Зглобните ја имаат таа предност што се со капацитет да превезуваат речиси двојно повеќе патници од двокатните и многу побрзо патниците да влегуваат и излегуваат од автобусите, со што ќе се намали времето потребно да се стигне до конкретна дестинација во градот – изјави Шилегов. Директорот на ЈСП, Чушков очекува со новите автобуси, јавниот превоз на патници во градот да стане побрз и поефикасен зашто зглобните автобуси, освен двојно поголемиот капацитет за превоз на патници, ќе овозможат скратување на времето потребно за задржување на постојките што ќе ја зголеми фреквенцијата на возилата. Во новите автобуси, ќе има можност и за валидација на најмалку две места во возилото, а сето ова, автоматски ќе им овозможи на граѓаните побрзо да стасуваат до крајните дестинации, отколку досега возејќи се со кинеските автобуси. Споредено со потрошувачката на старите дизел-автобуси, овие ќе трошат речиси двојно помалку гориво, ќе се заштеди на трошоците за гориво, на одржувањето и резервните делови, а парите ќе се искористат за натамошно инвестирање и унапредување на услугите на претпријатието – рече Чушков.



Министерот за финансии, Тевдовски, појасни дека заемот е добиен под исклучително поволни услови со каматна стапка од еуролибор плус еден процент, рок на отплата од 10 години и грејс-период од три години. Заменикот директор на ЕБОР, О'Грејди најави дека Град Скопје, од банката, ќе добие и стручна помош за набавка и целосна реорганизација на финансиските перформанси на ЈСП и на превозот на патници, како подготовка на Акцискиот план за зелен град. Таа наведе и дека Скопје е еден од дваесетте градови вклучени во Акцискиот план за зелени градови до 2020 година. Инаку, ЕБОР досега има инвестирано 1,831 милијарда евра во 113 проекти во македонската економија, од кои најголем дел се во секторот инфраструктура.

Ј.С.Б.

www.amerit.org.mk

РСБСП во рамките на кампањата „Без изговори!“



# ПИЈАН ЗАД ВОЛАН – НИКОГАШ!

Анкетното истражување на РСБСП покажува дека 85 % од возачите, барем еднаш во животот, возеле под дејство на алкохол, не водејќи сметка за штетните последици и за себе и за своите најблиски

Пијан зад волан – НИКОГАШ! Ова е апелот со кој РСБСП во рамките на својата кампања „Без изговори!“, на крајот на минатата и во почетокот на оваа година, пред еуфоријата на долгата низа од весели празнични денови, ги повика возачите да го задржат разу-



мот и да не управуваат моторно возило под дејство на алкохол. Од РСБСП потсетија дека Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата е дециден – возачот не смее да управува, ниту да започне да управува со возило во сообраќај на пат, ако е под дејство на алкохол, а под дејство на алкохол, се смета лице, за кое ќе се утврди дека количината на алкохол во крвта изнесува повеќе од 0,50 г/кг, додека толеранцијата на алкохол за возач-почетник е еднаква на 0 „нула“. Казнените санкции, во зависност од количината на алкохол во крвта, изнесуваат до 375 евра во денарска противвредност, односно до 60 негативни бодови во возачката книшка, од максимум 100 и забрана за управување возило до 12 месеци.

Анкетното истражување на РСБСП покажува дека 85 % од возачите, барем еднаш во животот возеле под дејство на алкохол. Исто така, секојдневно, голем број сообраќајни незгоди се предизвикани од пијани возачи, кои не ја сфаќаат сериозноста на проблемот и постојано бараат изговори како да го оправдаат своето неразумно и непромислено однесување во сообраќајот сакајќи да ја смират својата совест, иако управувањето со моторно возило под дејство на алкохол е чин што нема никаква смисла и логика за оправдување и тоа не само што е непочитување на Законот туку и на основните хумани и цивилизациски вредности. Да возиш пијан значи дека не го почитуваш ни сопствениот живот ни животот и здравјето на твоите најблиски. Едноставно, не го почитуваш човечкиот живот, без разлика за кој човек станува збор. Судејќи според последиците, може да се каже дека возењето пијан е исто како да насочиш оружје кон недолжен случаен минувач.

Фактите и статистиката велат дека алкохолот сериозно ги нарушува возачките способности, а резултат на нарушената психомоторна способност кај возачите се големиот број загинати и повредени лица на патиштата во Македонија. Најголем број од возачите, кои возеле под дејство на алкохол, патувале на кратко растојание до 20 километри.

Оттука, од РСБСП велат дека изборот е едноставен: доколку консумираш алкохол – не вози, доколку возиш – не консумирај алкохол!

И не заборавајте: „Не му дозволувајте на пијан возач да вози и да ве вози! Не ги доверувајте вашите живот и здравје, како и животите на вашите најмили и најблиски, на човек под дејство на алкохол!“ – апелираат од РСБСП.

Ј.С.Б.




Од 2023 година

## Германија на автопатиштата ќе стави ограничување на брзината од 130 км/ч

Германија предвидува да воведе ограничување на брзината од 130 км/ч по автопатиштата, а тоа ќе стапи во сила во 2023 година. Во моментов, ова се најавува како препорачана брзина по германските автопатишта, а дел од новите еколошки мерки преземени од страна на властите во Германија е и намалување на брзината на локалните магистрали, за што веќе е формирана специјална комисија за нивно спроведување. Покрај намалување на максималната брзина на автопатиштата, се најавуваат и други мерки како: зголемување на акцизите на горивата, укинување на даночните поттикнувања за дизел-автомобили и зголемување на квотите за продажба на хибридни и електрични возила. Сите тие треба да стапат во сила во 2023 година.

Засега Германија е единствената земја во Европа во којашто не постојат максимални ограничувања на брзината на некои автопатишта, кои продолжуваат да привлекуваат љубители на брзи и моќни автомобили. Германците сметаат дека со предлогот што се појави во јавноста пред и официјално да биде претставен, им се наметнува универзална брзина на автопатиштата што е неприфатливо за многумина дури и во Бундестагот.



Сезонски предизвик и опасност и за едните и за другите



# КАКО ВОЗАЧИТЕ И ПЕШАЦИТЕ ДА БИДАТ БЕЗБЕДНИ ВО СООБРАЌАЈОТ ВО ЗИМА?

За возење во зимски услови, секогаш е потребно многу поголемо внимание и концентрација, а тоа е важно и неопходно и за најранливата категорија на учесници во сообраќајот – пешаците

Пешаците се најранливата категорија учесници во сообраќајот, а возачите се тие кои најчесто ја предизвикуваат или учествуваат во сообраќајната незгода. Зимата и зимските услови на патиштата, односно во патниот сообраќај предизвикуваат сериозни проблеми, подеднакво – и за возачите, и за пешаците. Така, во зима, времето е студено, денот е покус, а појавата на магла е зачестена и значително е намалена видливоста на патиштата. Во вакви временски услови, кога улиците и тротоарите се лизгави, а утринските и дневните температури се во минус, најзагрозени во сообраќајот се пешаците бидејќи нивното движење станува и опасно и отежнато. Без разлика дали се движат на тротоар, на пешачки премин или преминуваат преку улица, сепак, тие се најподложни на повреди и секојдневно сме сведоци на тоа, независно од нивната возраст, пол или способност (најчесто тоа се повозрасните луѓе). Водејќи се од ваквата реална состојба, Републички совет за безбедност во сообраќајот на патиштата (РСБСП) ги советува пешаците како безбедно да учествуваат во сообраќајот и притоа им препорачува:



- Оставете го мобилниот телефон додека се движите зашто расеаното движење е опасно.
- Бидете видливи и дење и ноќе и за таа цел носете светла, рефлектирачка облека или предмети, а додадете и рефлектирачка лепенка или елек на својата јакна или торба.
- Носете соодветни и добро одржувани обувки за да го намалите ризикот од паѓање на лизгавите површини.
- Планирајте ги своите излегувања или состаноци и обидете се да бидете надвор додека е ден и додека се добри временските услови.
- Оставете си повеќе време кога патувате во текот на зимата, така што нема да мора да „стрелате“ низ сообраќајот за да го фатите автобусот! – велат од РСБСП и додаваат дека пешаците треба да избегнуваат да носат работи поради кои би можеле да го изгубат балансот додека одат. Исто така, треба да преминуваат улица само на обележан премин, никако да не претрчуваат и да не ја поминуваат улицата надвор од обележан пешачки премин, да остварат контакт со очи со возачот на возилото што доаѓа кон нив и пред да тргнат по улицата да почекаат да поминат сите возила.
- Држете ја главата горе и внимателно следете го сообраќајот! Не дозволувајте нешто друго да ви го одвлече вниманието. Имајте предвид дека на замрзнати коловози, возачите се соочуваат со сериозни предизвици и дека во такви услови, потешко се запира возилото, односно неговиот сопирачки пат е подолг – нагласуваат од РСБСП.

Покрај внимателноста на пешаците, во зимски сообраќајни услови е задолжителна и апсолутната внимателност и одговорност и на возачите, особено кон ранливите категории учесници во сообраќајот – пешаците и велосипедистите. Бидејќи во зима, условите за возење се двојно отежнати, РСБСП потсетува на неколкуте важни работи што треба да ги почитува секој возач во зимски услови на возење:

- Најпрво, пред да тргнете на пат, проверете ја временската прогноза.
- Задолжително вклучете ги светлата за да ја зголемите видливоста за другите возачи.
- Резервоарот со гориво, секогаш да ви биде барем до половина полн, и постојано да има доволно течност за чистење на шофершајбната (ветробранското стакло).
- Возете побавно и држете растојание! Вашата брзина треба да се приспособи кон временските услови и условите на патот и треба да одговара на протокот на сообраќај.
- Избегнувајте одвлекување на вниманието и не го користете мобилниот телефон додека возите зашто вашиот целосен фокус треба да биде на патот – е еден од најважните совети на РСБСП до возачите, на кои им препорачува да имаат и зимски сет во возилото, односно комплет што треба да содржи најмалку: кабли за стартување на возилото, спреј за одмрзнување на брави, напојувач за мобилен телефон, ќебиња, фенерче, вода, прибор за прва помош. Ако се заглавите во снегот, се советува да ги вклучите трепкачите, да поставите рефлектирачки триаголник на патот, а




доколку има големи наноси од снег, за означување на возилото може да закачите обоена ткаенина на антената и да останете во возилото додека не дојде помош.
- Со правилно и безбедно однесување во сообраќајот, вие водите грижа за себе и за останатите учесници во сообраќајот. Сообраќајните правила и прописи не постојат за да ве казнува полицијата, туку за да го заштитите сопствениот и животот на другите учесници во сообраќајот.

**Возете одговорно! – советуваат, препорачуваат и укажуваат од РСБСП.**

Ј.С.Б.

www.amerit.org.mk

Freightliner Cascadia




# ГОЛЕМИ ПЛАНОВИ, УШТЕ ПОГОЛЕМИ ИНВЕСТИЦИИ

Половина милијарда евра – со толку инвестиции американскиот Freightliner ќе ги поддржи своите големи планови за напредните технологии

Саемот на потрошувачка електроника CES во Лас Вегас веќе половина век е место каде што се собираат сите оние што го предводат светот со своите технолошки изуми. Тука можат да се сретнат многу чудни иновации, но и голем број практични решенија кои ни покажуваат како ќе живееме во блиска и не толку блиска иднина. Со оглед на интеграцијата на напредните технологии во возилата, тој во последниве десеттина години е цел на интересирање и на автоиндустријата. Преовладуваат паметните решенија кои треба да ни го олеснат и направат побезбеден животот на тркала, меѓу кои и автономните технологии, кои сакале или не, ќе станат секојдневие за кое производителите на возила добро се подготвуваат.



Американскиот Freightliner најави половина милијарда евра инвестиции во автономните камиони

Досега постигнатиот напредок на ова поле е значаен – автономните возила веќе знаат како да се однесуваат во опасни ситуации. Сепак, барем засега, целта е новите технологии да му помогнат на возачот, а не да го заменат. Колку навистина е така, годинава ќе дознаат првите купувачи на Freightliner Cascadia опремен со автономни технологии од второ ниво, кој ја имаше својата премиера на CES Лас Вегас. Овој камион е способен самостојно да забрзува, сопира и управува, односно да ги одржува својата позиција во коловозната лента и растојанието од другите возила при сите брзини, но возачот и понатаму мора да ја следи ситуацијата и да ги држи рацете на управувачот. Со помош на инвестиции од 500 милиони евра, во наредните десет години, Freightliner Cascadia ќе добие и четврто ниво на автономија. Целта е да се направи камион кој потполно сам, без човечки интервенции, ќе вози до планираните дестинации и ќе ги врши сите функции. Развојот на трето ниво автономно возење ќе биде прескокнат, за што како причина се наведува дека тоа не обезбедува доволно големи предности за употреба во камионите.

Лансирањето на новиот влекач е значајно од две причини. Првата е дека тој е првиот сериски полуавтономен камион во Северна Америка. Втората, побитна за нас, е дека Freightliner е една од филијалите на Daimler што значи дека технологиите



Freightliner е една од американските товарни филијали на Daimler што значи дека технологиите од Cascadia многу бргу ќе ги видиме и во возилата на Mercedes, и обратно

од Cascadia многу бргу ќе ги видиме и во возилата на Mercedes. Функционирањето на овој систем го овозможуваат камери и радари од најновата генерација, исто како и кај автономните автомобили, со тоа што задачата што тој ја има е со поголеми барања поради тежината на камионите. Мора да се земе предвид и однесувањето на полуприколката, како и поинаквата целокупна возна динамика. Системот го надгледува целото опкружување на возилото и камионот автоматски ќе застане доколку постои можност да удри во друго возило, некоја препрека, пешак или велосипедист, без оглед на тоа дали се наоѓа пред или зад возилото, односно во слепите агли.

Оваа инвестиција ќе отвори 200 нови работни места во областа на инженерингот, роботиката, информатиката и програмерството во Портленд, Орегон, кои тесно ќе соработуваат со своите колеги од Штутгарт и Бангалор. Лансирањето на полуавтономната изведба на Cascadia е искористено за нејзино мало обновување. На предните столбови на покривот на кабината се додадени аеродинамични дефлектори, браникот е подобро обликуван, а различни се и бочните страници. Cascadia има можност за приспособување на висината во зависност од брзината, односно за спуштање на предниот дел на возилото на автопат, при поголеми брзини. Возачите ќе можат да ја исклучат оваа функција во случај на нерамна површина на патот или лоши временски услови. Унапреден е и адаптивниот темпомат, а се нуди и со дигитална инструмент-табла како и кај новиот Mercedes Actros.



Сериското производство на електричниот Freightliner eM2 ќе започне во 2021 година


За две години, колку што како модел е присутна на пазарот, од Cascadia се продадени 145.000 примероци

Од Daimler не заборавија да потсетат дека веќе го имаат испорачано првиот средно-голем електричен камион од сегментот меѓу 9 и 12 тони Freightliner eM2 на една компанија од Лос Анџелес, која ќе го користи за локална дистрибуција во областите на пацифичкиот брег и Калифорнија и на тој начин ќе ја спроведе претпроизводствената фаза на тестирање. Опремен е со електромотор од 350 kW, а батериите со капацитет од 325 kWh му овозможуваат да помине 370 km. За нивно дополнување до 80 отсто се потребни 60 минути.

DAF CF Electric




DAF CF Electric е направен во соработка со производителот на автобуси VDL

# ИСПОРАЧАН ПРВИОТ ХОЛАНДСКИ ЕЛЕКТРИЧЕН КАМИОН

## Синџир супермаркети е првиот корисник на новиот електричен камион на DAF

Холандскиот DAF го испорача првиот електричен камион. Овој модел направен во соработка со производителот на автобуси VDL од каде што е погонскиот склоп, претставува пресвртница за марката. „Транспортниот сектор ќе доживее големи трансформации. Електрично задвижуваните камиони и лесни комерцијални возила ќе бидат ‘норма’ за достава во урбаните средина, но не годинава, туку во блиска иднина. Со овој модел започнуваме тест-проект кој ќе ни даде голем број податоци и со кој ќе стекнеме искуства од оперативен аспект. Тоа ќе овозможи сериските примероци да ги задоволат сите потреби на нашите купувачи“, изјави Хари Волтерс, претседателот на DAF Trucks.

DAF CF Electric е влекач во 4×2 конфигурација, со максимална дозволена тежина од 37 тони. Го задвижува електромотор со моќност од 210 kW и вртежен момент од 2.000 Nm, кој се напојува од пакет-батерии со капацитет од 170 kWh. За нивно целосно полнење се потребни 1,5 часа, а автономијата му изнесува едвај околу 100 km.

Scania

# ДОЛГИОТ ПАТ ДО ДОМА...

## ...Или, поинаку кажано, од Холандија до Јапонија на тркала!

Не е ништо чудно што кога превозниците купуваат нови камиони, со возење ги носат до матичната земја – чудно е тоа што на ваков чекор се реши една компанија од Јапонија, која своите две нови Scania S410 влекачи ги презеде во Холандија, кај производителот на полуприколки Van Eck каде што композициите беа комплетирани. Добро знаеме дека патот од таму до „Земјата на изгрејсонцето“ е многу долг – точно 13.000 километри. За овој пат, на храбрите Јапонци им требаше цел месец да го совладаат. Патот ги водеше низ: Германија, Полска, Литванија, Латвија и Русија. Дневно, во просек, поминуваа по околу 600 километри, а откако стигнаа во Владивосток камионите беа натоварени на траект за Јапонија. По ова маратонско патување, возачите изјавија дека единствен проблем им бил тој што камионите биле за јапонскиот пазар, со управувач од десната страна.



Ford Explorer



Пократките препусти, линијата на покривот што се спушта и поголемиот преден дел, прават новиот модел да изгледа поспортски од претходниот

# ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ ДО КОНКУРЕНТИТЕ

## Новиот Ford Explorer дебитираше со нова платформа со иницијален погон на задните тркала, но и помала тежина

Ford Explorer се враќа на старите корени – по скоро цела деценија тој повторно ќе има платформа со иницијален погон на задните тркала. Но, иако поробусна како техничко решение, лидерот во американскиот сегмент на средно-големи теренци ќе ги задржи атлетските потенцијали заради скоро сто килограми помалата тежина. Голем дел од механиката кај него веќе се среќава кај Lincoln Aviator, вклучувајќи го и трилитарскиот V6 мотор чија сила е намалена на 365 коњи. Основната верзија ќе доаѓа со 2,3 литарски EcoBoost со 300 коњски сили. На поклониците на најдоброто, на располагање ќе им биде ST-изведбата со вкупно 400 коњи, кои ќе го забрзуваат Explorer до 96 на час за 6,7 секунди и ќе дотераат до максимални 230 километри на час.



Модерната кабина во која има простор за седум патници е исполнета со сè што се очекува да има едно вакво возило со почетна цена од 33 илјади долари

Погонот на четирите тркала кај сите верзии е опционален, додека 10-степената автоматика е сериска и единствена. Новата платформа му обезбедува поголем комфор во возењето, а за теренските својства ќе се грижи електронската распределба на вртежниот момент со седум режими на работење. Еден од нив е наменет за влечење приколка, која може да биде тешка до 2,5 тони. Првите испораки се очекуваат летово, а проструи глас и дека би можел да стигне и до европските купувачи. За нив, посебно ќе биде интересна хибридната верзија која сплотувајќи 3,3 V6-бензинец со електромотор, испорачува вкупно 318 коњи.

# FORD И VOLKSWAGEN ВО СОЈУЗНИШТВО

## Двата големи производители заеднички ќе прават комерцијални возила, со цел да заштедат милијарди




Притисокот на производителите на возила за намалување на трошоците и пренасочување на инвестициите кон напредните технологии, резултираше со сојуз на Ford и Volkswagen. Двата лути ривали и понатаму ќе бидат тоа, но ќе соработуваат со цел да заштедат милијарди. Договорот помеѓу двете компании, обелоденет на салонот на автомобилите во Детроит, предвидува заедничко производство на комерцијални возила, но најверојатно ќе се прошири и на други полиња, пред сè во развојот на електричните и автономни технологии. Соработката ќе се одвива на комерцијален план, без никаква размена на акции или спојување на друг начин. Деталите за сојузништвото не се целосно објавени бидејќи сè уште не се до крај прецизирани. Од извршните директори на компаниите, сепак, се дознава по нешто интересно, како на пример, дека на Volkswagen ќе му биде ставена на располагање Ford-овата платформа од Ranger. Се споменува и дека постои можност за производство на возила со знакот на VW во фабриките на Ford.

Volkswagen и Ford лани заедно продадоа повеќе од 1,2 милиони комерцијални возила.

www.amerit.org.mk

BMW серија 7



# МОЌЕН ИЗГЛЕД И ПРЕСТИЖНА ВНАТРЕШНОСТ

Кажете што сакате, но факт е дека возилата со дискутабилен и провокативен дизајн поминуваат добро на пазарот, особено ако се скапи како што е BMW-серијата 7

Баварците многу добро го знаат тоа од периодот на Крис Бенгл. Можеби затоа и нејзината обновена верзија изгледа таква каква што е, со изострени линии и огромни бубрези. Тие толку доминираат со погледот што дури кога тој ќе успее да се оттргне од нив ќе се забележи складноста на површините на предниот дел, особено на браникот во кој веќе ги нема дневните светла или светлата за магла. Тие се интегрирани во главните светла кои по избор можат да бидат приспособливи ЛЕД или ласерски, а кои осветлуваат дури до 560 метри пред возилото. Помали се и отворите за воздух од кои страничните се аеродинамично изведени. Масивноста владее и на површините на силуетата која е разбиена со стилски додатоци од хром. На задниот дел кој има доживеано најмалку промени се забележува огромната издувна артилерија која навестува моќ на погонските единици, кои по принудниот одмор, заради задоволување на новите WLTP-норми, повторно ќе бидат комплетирани. Ги предводи 6,6 литарскиот V12 со 585 коњски сили, кој доаѓа со филтер за цврсти честички за намалување на емисиите. Осумцилиндричниот агрегат со своите 530 коњи е презеден од серијата 8, а шестцилиндричната единица е хибридно засилена на 394 коњски сили. Дизелите се претставени со познатиот трилитарски мотор со три нивоа на моќност во распон



Кај новата серија 7, нема ниту трага од некаква елеганција, туку сè е подредено да се покаже сиот престиж со кој располага

од 265 до 400 коњски сили. Осумстепениот автоматски менувач е подобрен, а поголем дел од гамата, стандардно, има погон на сите тркала. Габаритите не се менувани, а серијата 7 како и досега ќе се нуди со нормално и продолжено меѓуоскино растојание.



Внатрешноста која изобилува со простор и ексклузивен избор на материјали, плени со луксузниот амбиент и стилската софистицираност

Porsche 911

# ДОБРЕДОЈДЕ!

Светот ѝ посака добредојде на новата генерација на Porsche 911

Со ознака на верзијата 992, разликите во дизајнот на новиот модел ќе ги забележат само познавачите на моделот. Другите, веднаш ќе кажат дека станува збор за легендата која веќе 55 години ги креира барањата на купувачите на спортски возила. Како и секогаш досега, изгледот не се разликува драматично од претходникот. Сепак, Германците немаат право на грешка и секој нов 911 нуди малку повеќе од тоа што сите сакаат да биде. Сега во фокусот се новите технологии, заради што тој е помоќен, побрз и



Ниту култниот 911 не може да остане имун на сè построгите еколошки норми заради што дефинитивно ќе добие хибриден погон, но најрано во 2023 година



подигитален. Физичките корекции кажуваат дека новиот 911 Carrera има мотор со 385 коњски сили, а Carrera S со 450 коњски сили. Менувачот е 7-степен мануелен или 8-степен со две спојки, а големото учество на челик со висока цврстина, лесни легури и композитни материјали ја намалија тежината за околу пет отсто. Тоа автоматски значи и подобри перформанси, па така на 4S-верзијата со погон на сите тркала и Sport Chrono-пакет за сто километри на час, ќе ѝ бидат доволни едвај 3,4 секунди.

Toyota Supra



# КОНЕЧНО!

## Името Supra им значи многу на вистинските љубители на автомобили, па затоа, нестрпливо се очекуваше Toyota да го покаже моделот што ќе продолжи да го sида нејзиното наследство

На овој автомобил долго се чекаше, факт што ентузијастите го толкуваат дека тој ќе биде совршен. Конечно и тоа се случи – спортската легенда зачекори на овој свет во своето ново руво. Иако ни изгледа познато заради концептите со кои беше најавуван, ни малку не е невозбудливо. Напротив, дури и да не сте вљубеник во спортското возење, Supra ќе предизвика емоции кај вас. Од Toyota велат дека токму тоа е во самата срж на ова купе. Првите впечатоци го потврдуваат нивното мислење. Дури и повеќе, кога се знае дека под лимот е заеднички производ со BMW и дели многу работи со новиот Z4. Официјалните бројки кажуваат дека нејзиниот трилитарски шестцилиндричен



Погонот е на задните тркала, а тежината идеално е распределена меѓу оските во соодност 50 : 50

турбо-мотор има 340 коњски сили. Осумстепената автоматика ќе ја забрза Supra до сто на час за 4,3 секунди, но максималната брзина, за жал, електронски е ограничена на 250. Во првично објавените спецификации, потрошувачката не се споменува, но и онака никој нема да праша за тоа. Она што ќе ги интересира сите е цената, која за Америка е поставена на 50 илјади долари.

Внатрешноста на овој атлетски двосед е едноставно и прегледно решена, а опременоста засега не е докрај дефинирана. Се знае дека во бројните електронски асистенти ќе бидат launch control-системот и адаптивното потпирање. За целосна безбедност ќе се грижат активниот диференцијал и автоматското запирање во итни случаи. Но, за комплетно задоволство во возењето се очекува нејзина посилна верзија. Дали е тоа во план, засега не кажуваат од Toyota. Наместо тоа, се слушна дека овој „чистокрвен спортист“ ќе биде понуден и со дволитарски турбо-мотор, и тоа со две различни моќности. Колку вистина има во тоа, ќе дознаеме летово, кога најочекуваниот автомобилски новитет, во последниве години, ќе тргне во освојување на пазарните меридијани. Иако ќе се произведува во фабриката на Magna Steyr во Грац, Австрија, првата година за Европа ќе бидат одвоени само 900 примероци.



Се забележува дека многу нешта во внатрешноста на Supra се преземени од моделите на Lexus

Opel Zafira Life

# ЧЕТВРТА ГЕНЕРАЦИЈА

## Во својата нова генерација познатиот моноволуменец стана поумен, поголем, пофлексибилен

Од Opel велат дека атрактивните, флексибилни и практични комби-возила се именувани како Zafira. Дваесет години по успехот започнат со првата генерација, сега приказната продолжува со новиот модел. Opel Zafira Life е забавно за возење и удобно повеќенаменско возило кое германскиот производител ќе го понуди во три големини, според потребите на клиентите, од: 4,60, 4,95 и 5,30 метри. Значајно е и тоа што секоја од нив доаѓа со по девет седишта. Најмалата, S-верзија на Zafira Life е околу десет сантиметри пократка од сегашната, додека пак L-изведбата е за цели 65 cm подолга и е голема речиси исто колку и Vivaro. Zafira Life на тој начин покрива три сегменти на возила и претставува нов репер меѓу MPV-возилата со повеќе седишта.

Zafira Life ги задоволува сите барања – од различните ентериери, високиот комфор и софистицираните системи за помош на возачот до најмодерните инфозабавни системи и опрема. Напредните технологии се поврзани со типичните дизајнерски знаци на Opel, избалансираните пропорции и кратките превиси. Возачот и патниците имаат корист од дводелниот панорамски покрив и стаклото на задната врата кое се отвора. За најдобри перформанси Zafira Life е опремена со напредниот IntelliGrip-систем, а ќе биде на располагање и во верзија со 4x4 погон обезбеден од теренските специјалисти на Dangel. Opel ќе понуди и електрична верзија на почетокот на 2021 година, што ќе претставува уште една пресвртница на патувањето за електрификација на брендот.







Opel Zafira Life ја имаше својата светска премиера на салонот на комерцијални возила во Брисел, додека нарачките ќе започнат да се примаат од идниот месец



Со помош на PSA-групата, Opel Zafira од моноволуменец, прерасна во повеќенаменско возило

www.amerit.org.mk

Chevrolet Silverado HD и RAM HD



# БИТКА НА ТИТАНИТЕ

## За кратко време на американскиот пазар се појавија два нови големи пикапи

Моќните пикапи не се само заштитен знак на американскиот стил на живот - тие се важни и за профитабилноста на производителите, па затоа им се обраќа големо внимание, меѓу другото и со нивното редовно обновување. Така, за кратко време на американскиот пазар се појавија два нови големи пикапи, и двата од таканаречената heavy-duty категорија. Прв беше Chevrolet Silverado HD, на кој со помалиот Silverado 1500 заеднички му е само покривот. Сите останати делови од каросеријата му се поинакви за што повеќе да се дистанцира од своите браќа бидејќи е наменет за поинаков круг купувачи. Со ваков изглед на „тешка машинерија", Chevrolet Silverado HD во понуда ќе биде со два нови мотори – потполно нов бензинец со 6-степен мануелен менувач и 6,6 литарски V8 дизел кој располага со 455 KS и дури 1.234 Nm максимален вртежен момент, спарен со исто нова Allison 10-степена автоматика. Новата генерација на Silverado HD ќе се нуди во пет различни изведби. Деталите и цените сѐ уште не се објавени. Ќе започне да се продава доцна напролет како модел за 2020 година, а ќе се произведува во Соединетите Американски Држави, поточно во фабриката Флинт во Мичиген.

Голем и моќен е и вториот новитет, RAM HD. Тој е претставен во две верзии со ознаки 2500 и 3500, при што поголемата има носивост од 3,5 тони и сила за влечење приколка од дури 14,3 тони. За ваквите импресивни спецификации е заслужен 6,7 литарскиот Cummins дизел со 400 KS и 1.354 Nm максимален вртежен момент. RAM HD ќе се нуди и со ослабена верзија на овој мотор со 370 KS и 1.150 Nm, како и 6,4 литарски бензинец со 410 KS и 581 Nm. Дизелите имаат шестстепени, а бензинецот осумстепен менувач, сите автоматски и со shift-by-wire технологија. Неговото производството ќе се одвива во мексиканскиот град Коахуила. Шасијата е направена од челик со висока цврстина, додека делови од каросеријата се од алуминиум. Новост е и тоа што висината на задниот дел може да се спушти со помош на опционалното воздушно потпирање. За да ги задоволи вкусовите на секого, RAM HD ќе може да се добие со шест дизајнерски различни изведби на маската и три на светлата.



Влечниот капацитет на RAM HD изнесува 14,3 тони




Chevrolet во период од 18 месеци претстави три модели од семејството Silverado – овој е најголемиот

Mercedes CLA




# ЕМ УБАВ, ЕМ ПАМЕТЕН

## Втората генерација на Mercedes CLA е поголема, поубава и попаметна

Mercedes-Benz за годинава најави дури девет новитети. Прв меѓу нив е новата генерација на купето со четири врати CLA, која просто зрачи со својата атрактивност. Но она што навистина ќе ги одушевува купувачите е неговата интелигенција. Во префинето обликуваната кабина, на возачот му е


Новитетот кој се очекува на пазарот во јуни е исполнет со низа паметни решенија

на располагање иновативниот MBUX-систем кој препознава гестикулации и гласовни команди. Во однос на оној во А-класата, дополнително е унапреден и има повисоко ниво на автомобилска интелигенција. Уникатно е решението со кое паметниот часовник ги следи отчукувањата на срцето на возачот и според тоа го менува амбиенталното осветлување. За порелаксирани патувања ќе се грижат најновите системи за помош во возењето преземени од поскапите модели на марката.

Каросеријата сега долга 4,7 метри има совршени пропорции и потполно рамен под, со што е постигнат коефициент на аеродинамичност од 0,23. Нејзината агресивност малку е потсмирена, а елеганцијата е дополнета со спортски стилски детали. Меѓу нив, најуочливи се извлечените лакови над тркалата и мускулестите бокови. Ниско спуштената маска е во визуелна складност со комплексните светла, а задниот дел е во типичниот GT-стил. Сè на сè, кога се гледа CLA, предизвикува емоции и има потенцијал да стане нова дизајнерска икона на автомобилската мода. Кабината е малку поместена наназад, а елементите во неа се распоредени во согласност со младешката авангарда. Дизајнерски обработена до перфектност, таа се карактеризира со единствена архитектура во која сè што е вишок е исфрлено. За жал, слична судбина ќе ги снајде и дел од агрегатите – засега е потврден само 4-цилиндричниот бензински мотор со 225 коњски сили. Од Mercedes ветуваат дека пред почетокот на продажбата палетата ќе биде дополнета. Бидејќи е поставен на новата платформа од А-класата, можеме да го очекуваме новиот 1,3 литарски бензинец во повеќе варијанти. Ќе биде на располагање со мануелни и автоматизирани менувачи и со погон на сите тркала. Нема да бидат изоставени ниту AMG-изведбите, а сериозно извесни се и хибридна и електрична погонска група.


Од првата генерација на овој модел, кој беше претставен во 2013 година, се продадени 750 илјади примероци

www.amerit.org.mk

**БУГАРИЈА**

# Ограничувања на превозот во стоковниот транспорт во 2019 година




| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни возила над 15 т |
| **Забрана** | Постојана до крајот на работата за одржување |
| **Патишта** | Патот I-1 помеѓу 276 км + 162 и 282 км + 485 |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни возила со вкупна тежина од над 12 т |
| **Забрана** | Постојана  до крајот на работата за одржување |
| **Патишта** | Патот I-3 меѓу 193 км + 345 (пресек со патот кон реонот Правец) и 204 км + 200 (пресек со I-1) |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни возила со вкупна тежина од над 15 т |
| **Забрана** | Постојана |
| **Патишта** | Патот I-5, делница Черотчен – Карџали<br>Засегнатите возила треба да ги користат рутите:<br>• Насока Хасково – Карџали: пат I-5 – патот III-505 – Манастир – пат III507 – Војводино – Мост – Чичик – Карџали<br>• Насока Асеновград – Карџали: пат II-58 – пат I-5, насока Хасково – патот III-505 – Манастир – пат III-507 – Војводино – Мост – Чичик – Карџали<br>• Насока Минерални Бани – Карџали: пат III-506 – пат III-806 – пат I-5 – пат III-505 – Манастир – пат III-507 – Војводино – Мост – Чичик – Карџали |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни моторни возила со вкупна тежина од над 12 т (N3) и влечење на приколки и полуприколки со MPW над 10 т (O4) |
| **Забрана** | Постојана |
| **Патишта** | I-5 помеѓу 155 км + 250 и 184 км +000 (Шипинска премин)<br>Раднево – пат II-57 – Пет милениуми – Новоселез – патот II-55 – Млекарево – Радево – Нова Загора – патот И-6 – Гурково – Прохор на Републиката – Велико Трново. |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни моторни возила со вкупна тежина од над 3,5 т |
| **Забрана** | Постојана до крајот на одржувањето |
| **Патишта** | Патот I-5, дел со надморска височина од Кирково – Макаса |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите возила |
| **Забрана** | Постојана |
| **Патишта** | I-7, дел Варбишки премин<br>Засегнатите возила треба да го користат патот Котленски (патот I-4), патот Ришки (патот II-73) или Проходот на Републиканската патека (патот II-55). |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни моторни возила со вкупна тежина од над 12 т (N3) (вклучувајќи приколки и полуприколки) со повеќе од две осовини |
| **Забрана** | од 1 ноември до 31 март |
| **Патишта** | II-81, делот Петрохан Пас |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни возила со вкупна тежина од над 10 т |
| **Забрана** | Постојана |
| **Патишта** | II-82, дел Костенез (0 км + 000) – Самоков (39 км + 176) |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите возила што ги надминуваат максималните овластени тежини и димензии |
| **Забрана** | Преку цела година:<br>• ако видливоста е помала од 50 м поради магла, силен дожд или снег,<br>• во услови на замрзнување,<br>• за време на часови на мрак и во време на шпиц, освен во случај на вонредна состојба или природна катастрофа. |




| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни возила со вкупна тежина од над 12 т |
| **Забрана** | Постојана за време на државните празници – во случај на повеќе од еден последователни неработни денови вклучувајќи најмалку еден државен празник:<br>• на последниот работен ден, ноќта од серијата на неработните денови: од 16 ч. до 20 ч.<br>• на последниот ден од серијата на неработни денови: од 14 ч. до 20 ч.<br>- 1 јануари 2019, од 14  ч. до 20 ч.*<br>- 1 март, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 4 март, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 25 април, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 29 април, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 3 мај, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 6 мај, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 23 мај, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 26 мај, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 5 септември, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 8 септември, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 20 септември, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 23 септември, од 14 ч. до 20 ч.<br>- 23 декември, од 16 ч. до 20 ч.<br>- 26 декември, од 14 ч. до 20 ч.<br>*) – дополнителни ограничувања според Правилникот на Агенцијата за патна инфраструктура од 20.12.2018 година |
| **Патишта** | Сите автопатишта<br>• Патишта класа I:<br>- пат I-1 делница Ребарково – Ботевград во насока кон Софија, возилата треба да го користат патот II-16 обиколницата Ребарково – Своге – Софија,<br>- пат I-1 Благоевград – граничен премин „Кулата" (со Грција) во двете насоки,<br>- пат I-4 Коритна раскрсница – Велико Тарново – Шумен во двете насоки,<br>- пат I-5 Русе – Велико Тарново во двете насоки,<br>- пат I-8 граничен пермин „Калотина" (со Србија) – Софија во двете насоки,<br>- пат I-9 Варна – Бургас во двете насоки.<br>• Патишта класа II:<br>- пат II-18 обиколница Софија,<br>- пат II-99 Бургас – Царево во двете насоки.<br>Ограничувањата не се однесуваат на возила кои превезуваат расипливи прехранбени производи и стоки под висок температурен режим, добиток и опасни стоки (АДР). |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни моторни возила со вкупна тежина од над 12 т |
| **Забрана** | летно ограничување од 1 јуни до 15 септември 2019 година.<br>• петок: од 17 ч. до 20 ч.<br>• недела: од 14 ч. до 20 ч. |
| **Патишта** | • Патишта класа I:<br>- пат I-1 делница Ребарково – Ботевград во насока кон Софија, возилата треба да го користат патот II-16 обиколницата Ребарково – Своге – Софија,<br>- пат I-1 делница Благоевград – граничен премин „Кулата“ (со Грција) во двете насоки,<br>- пат I-5 делница Русе – Велико Тарново, во двете насоки,<br>- пат I-9 делница Варна – Бургас, во двете насоки.<br>• Патишта класа II:<br>- пат II-99 делница Бургас – Царево, во двете насоки.<br>Ограничувањата не се однесуваат на возилата кои превезуваат расипливи прехранбени производи и стоки под висок температурен режим, добиток и опасни стоки (АДР). |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Сите товарни моторни возила со вкупна тежина од над 12 т. |
| **Забрана** | Летни ограничувања од 1 јуни до 15 септември 2019 година. |
| **Патишта** | • Автопат Тракија:<br>- насока Софија – Пловдив, петок од 18 ч. до 20 ч.,<br>- насока Бургас – Софија, недела од 16 ч. до 20 ч.<br>• Автопат Струма:<br>- раскрсница Даскалово – граничен премин Кулата, недела од 10 ч. до 14 ч.<br>• Автопат Марица:<br>- насока автопат Свиленград – Тракија, недела од 16 ч. до 20 ч.<br>Ограничувањата не се однесуваат на возилата кои превезуваат расипливи прехранбени производи и стоки под висок температурен режим, добиток и опасни стоки (АДР) |

## Државни празници 2019

| | |
|---|---|
| **1 јануари** | Нова година |
| **3 март** | Национален ден |
| **4 март** | Дополнителен државен празник* |
| **26 април** | Велики петок (православен) |
| **28 април** | Велигден (православен) |
| **29 април** | Велигден (православен) |
| **1 Мај** | Ден на трудот |
| **6 мај** | Ден на бугарската армија |
| **24 мај** | Ден на словенската азбука |
| **6 септември** | Ден на обединувањето |
| **22 септември** | Ден на независноста |
| **23 септември** | Дополнителен државен празник * |
| **1 ноември** | Ден на лидерите на националната преродба (работен ден) |
| **24 декември** | Бадник |
| **25 декември** | Божиќ |
| **26 декември** | Божиќ |

* Според амандманот на бугарскиот Закон за труд, објавен на 30 декември 2016 година, ако празник (освен Велигденските празници) паѓа во сабота и/или во недела, следниот ден или следните два работни дена ќе бидат неработни денови.

*Извор:* *AEBTRI*




## Главни ограничувања во Софија

| | |
|---|---|
| **Возила** | Камиони и комбинирани возила со 4 т MPW и повеќе |
| **Забрана** | Секој ден, од 7 ч до 21 ч |
| **Област** | Центарот на Софија<br>Опфатените зони се:<br>ул. „Опалќенска“ – ул. „Сливница“ – бул. Данаил Николаев – бул. Евлоги Гуеоргиеб – бул. Бугарија – бул. Пенчо Славејков – бул. Генерал Тотлебен – бул. Генерал Скобелев – ул. „Опалческа“<br>(Забелешка: ограничувањата не се однесуваат на улиците споменати погоре, туку само во областа што се граничи со овие улици) |

| | |
|---|---|
| **Возила** | Камиони и комбинирани возила од 15 т MPW и повеќе |
| **Забрана** | Секој ден во зона 1 |
| **Област** | Софија – Зона 1<br>Границите на зоната опфатени од овие ограничувања се:<br>бул. Константин Величков – ул. „Габрово“ – раскрсница ул. „Надежда“ – ул. „202“ – ул. „Каменоделска“ – ул. „Малашевска“ – ул. „Прва бугарска армија“ – ул. „Резбарска“ – ул. „Васил К'нчев“ – ул. „Река Велека“ – ул. „Александар Егзарх“ – бул. Мадрид – Пејо<br>бул. Јаворов – бул. Никола Вапцаров – бул. Черни убиец – ул. „Сребрена“ – бул. Гоце Делчев – ул. „Јитница“ – бул. Никола Мушанов – бул. Штрајкувачки – бул. Константин Величков<br>(Забелешка: ограничувањата не важат за улиците споменати погоре, туку само за областа ограничена со овие улици)<br>Ограничувањето не влијае на овие улици и булевари:<br>бул.Сливница, ул Владиславска, ул. „Жидарска“, ул. „Градиновска“, ул. „Резбарска“, бул. Генерал Данаил Николаев, бул. Константин Стоилов, Каменоделска, бул. Генерал Владимир Вазов, мост Чавдар и ул. „Злетово“. |




ТРАНСПОРТЕН БИЛТЕН

www.amerit.org.mk









ШПАНИЈА

# Државни празници 2019 година

## Национални празници

| | |
|---|---|
| **1 јануари** | Нова година |
| **19 март** | Велики петок |
| **1 Мај** | Ден на трудот |
| **15 август** | Успение |
| **12 октомври** | Национален ден |
| **1 ноември** | Ден на сите светци |
| **6 декември** | Ден на Уставот |
| **25 декември** | Божиќ |

## Регионални празници

| | |
|---|---|
| **7 јануари** | Андалузија, Арагон, Астуриас, Канарските Острови, Кастилја и Леон, Екстрамадура, Мадрид, Мурсија, Навара, Сеута, Мелила |
| **28 февруари** | Андалузија |
| **1 март** | Балеарските Острови |
| **19 март** | Валенсија, Галиција, Мурсија, Навара, Баскија |
| **18 април** | Андалузија, Арагон, Астуриас, Балеарските Острови, Канарските Острови, Кантабрија, Кастиља Ла Манча, Кастилја и Леон, Естремадура, Галиција, Мадрид, Мурсија, Навара, Баскија, Ла Риоха, Сеута, Мелила |
| **22 април** | Балеарските Острови, Кантабрија, Кастилја Ла Манча, Каталонија, Валенсија, Навара, Баскија, Ла Риоха |
| **23 април** | Арагон, Кастилја и Леон |
| **2 мај** | Мадрид |
| **17 мај** | Галиција |
| **30 мај** | Канарски Острови |
| **31 мај** | Кастиља Ла Манча |
| **10 јуни** | Мурсија, Ла Риоха |
| **20 јуни** | Кастиља Ла Манча |
| **24 јуни** | Каталонија, Валенсија |
| **25 јули** | Канатабрија, Галиција, Баскија |
| **12 август** | Сеута, Мелила |
| **2 септември** | Сеута |
| **9 септември** | Астуриас, Екстрамадура |
| **11 септември** | Каталонија |
| **9 октомври** | Валенсија |
| **9 декември** | Андалузија, Арагон, Астуриас, Кантабрија, Кастилја и Леон, Естремадура, Мадрид, Ла Риоха, Мелила |
| **26 декември** | Балеарски Острови, Каталонија |

*Извор: ASTIC*

# ЦЕНИ НА ГОРИВОТО ЗА НЕДЕЛАТА 05/2019

| ЗЕМЈА | ВАЛУТА | БЕЗОЛОВЕН 95 | БЕЗОЛОВЕН 98 | ДИЗЕЛ |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | ALL | 173 | - | 172 |
| Андора | EUR | 1.06 | 1.25 | 0.99 |
| Аргентина | ARS | 39.9 | - | 36.29 |
| Ерменија | AMD | 430 | 450 | 420 |
| Австрија | EUR | 1.17 | 1.32 | 1.18 |
| Белорусија | EUR | 0.64 | 0.67 | 0.64 |
| Белгија | EUR | 1.38 | 1.44 | 1.5 |
| БиХ | BAM | 2.26 | 2.36 | 2.31 |
| Бразил | BRL | 4.25 | - | 3.43 |
| Бугарија | BGN | 1.91 | 2.26 | 2.08 |
| Чиле | CLP | 798 | 833 | 599 |
| Хрватска | HRK | 8.97 | 9.84 | 9.56 |
| Чешка | CZK | 30.7 | 32.13 | 31.17 |
| Данска | DKK | 10.29 | 11.08 | 9.49 |
| Естонија | EUR | 1.289 | 1.339 | 1.319 |
| Финска | EUR | 1.409 | 1.498 | 1.375 |
| Франција | EUR | 1.481 | 1.505 | 1.437 |
| Грузија | GEL | 2.48 | 2.58 | 2.53 |
| Германија | EUR | 1.304 | 1.553 | 1.231 |
| Грција | EUR | 1.51 | 1.69 | 1.35 |
| Унгарија | HUF | 348.4 | 360.6 | 386 |
| Ирска | EUR | 1.32 | - | 1.3 |
| Италија | EUR | 1.548 | - | 1.483 |
| Јапонија | JPY | 142.9 | 153.7 | 124 |
| Казахстан | KZT | 180 | - | 191 |
| Косово | EUR | 1.05 | - | 1 |
| Летонија | EUR | 1.17 | 1.22 | 1.17 |
| Литванија | EUR | 1.08 | 1.15 | 1.64 |
| Луксембург | EUR | 1.124 | 1.207 | 1.056 |
| Македонија | MKD | 61 | 63 | 58.5 |
| Мексико | MXN | 20.17 | - | 19.75 |
| Молдавија | MDL | 17.74 | 19.81 | 16.27 |
| Црна Гора | EUR | 1.23 | 1.26 | 1.19 |
| Холандија | EUR | 1.662 | 1.754 | 1.415 |
| Норвешка | NOK | 15.96 | 17 | 15.68 |
| Перу | EUR | 3.56 | 3.91 | 3.38 |
| Полска | PLN | 4.75 | 5.09 | 4.99 |
| Португалија | EUR | 1.471 | 1.508 | 1.4 |
| Романија | RON | 4.9 | 5.11 | 5.69 |
| Русија | RUB | 46.18 | 52.89 | 46.96 |
| Србија | RSD | 142.7 | 152.9 | 157.9 |
| Словачка | EUR | 1.297 | 1.46 | 1.194 |
| Словенија | EUR | 1.21 | 1.33 | 1.24 |
| Шпанија | EUR | 1.221 | 1.37 | 1.198 |
| Шведска | SEK | 14.44 | 15.04 | 15.29 |
| Швајцарија | CHF | 1.53 | 1.67 | 1.7 |
| Турција | TRY | 6.23 | 6.22 | 6.09 |
| Украина | UAH | 28.53 | 29.62 | 28.45 |
| В. Британија | GBP | 1.2 | 1.289 | 1.29 |
| САД | USD | 0.59 | - | 0.78 |
| Уругвај | UYU | 54.95 | 57.01 | 40.4 |

# КАМИОНИ

## Продавам

**ДАФ ХФ,** 430 кс, 6 х 2, од 2005 година, во многу добра состојба.
**070/233-171**

**ДАФ ХФ95**, еуро 3, итно, во топ состојба, цена по договор. За подетални информации јавете се на
**077/589-418**

**ДАФ ЦФ 430**, од 2002 година, регистриран, со нови гуми, кипер систем.
**071/219-420**




**ДАФ 105.460**, од 2007 година, во одлична состојба.
**075/447-295**

**МАН 8.163**, од 1999 година, носивост од 2.610 кг, зафатнина на мотор 4.580 цм, 163 хп, тежина на возило 4.880 кг, ремонтиран мотор, во одлична состојба, церада, добри гуми, регистриран до 5.4.2018 година. Цена 6.500 евра + ДДВ.
**070/373-204**

**МАН 18.480 ТГА**, еуро 3, од 2004 година, со нови гуми, нови акумулатори, направен сервис, сменети сет-ламела, потисна и лагер, нови дискови и плочки, сменета воланска спона, регистриран до 24.6.2018 година, со зелен картон, ГПС уред за следење. Може и замена за камион со носивост од шест тони.
**070/373-204**



**МАН ТГЛ**, од 2008 година.
**070/999-184**

**МАН ТГС 18.400 ЕЕВ**, АДР, од 2010 година, сега увезен, автоматик, 808.000 км реални, со ретардер, комплетно сервисиран, масло, филтри, сопирачки, со нов кипер-систем, регистриран до 28.12.2019 година, со зелен картон, ГПС за следење, со сензор за гориво во резервоар, гуми напред и назад 50 %, подготвен веднаш да се вози.
**075/220-709**

**МАН ТГА 18.410 АДР**, од 2002 година, регистриран до 15.3.2019 година, со зелен картон, со кипер систем, 1.150.000 км, гуми напред 60 %, ремонтиран комплетно на 1.100.000 км, променето масло, филтри, плочки напред и назад, сет-ламела, алтернатор, нов каиш и затегнувачи.
**075/220-709**



**МАН ТГС 18 440**, од 2010 година, еуро 5, нов увоз, многу сочуван.
**070/304-271**

**Мерцедес 16/19** Милер кипер, во добра состојба, може и замена со кола.
**072/278-675**




**Мерцедес Бенз**, регистриран до 5.9.2019 година, 170 кс, диференцијал мала Европа.
**075/787-792**

**Мерцедес Бенз Актрос 1845 Е6**, од 2015 година, со поминати 370.000 км, се продава комплет, не на делови.
**070/392-176**

**Мерцедес Бенз 22-28**, во одлична состојба.
**078/516-618**

**Мерцедес Актрос 1846**, со фул-опрема, од 2007 година.
**070/218-727**

**Сканија 124.420**, еуро 3, од 2004 година, регистрирана до март 2019 година, комплет со полуприколка Милер, дозволена носивост 29 тони, тешка 5.810 кг, со зелен картон и ЦМР-осигурување. Возилото е комплет исправно и подготвено за работа. Цена по договор.
**070/309-559**

**Сканија** еуро 5, од 2007 година, во топ-состојба. Може замена за кола со доплата.
**071/340-082**

**Сканија Р420**, еуро 4, од 2007 година и приколка Шмитц СКи124, нето 12.000 кг, регистрирани до октомври 2018 година. Цена 31.000 евра.
**075/588-650**

# АВТОБУСИ

## Продавам

**ВАН ХОЛ туристички автобус**, во супер-состојба, модел Т 915, од 2004 година, со МАН мотор, двоозонска клима, ТВ, фрижидер, ВЦ, фул-опрема. Цена 33.000 евра + 18 % ДДВ. Ве молиме без замени.
**078/321-713**



**Автобус Мерцедес**, со 30 седишта, во исправна состојба, пали-вози. Може да се види и проба во секое време.
**070/357-782**

**Неоплан Ситилајнер 1216**, од 2011 година, еуро 4, со ВЦ, апарат за кафе, седишта со ТВ. Автобусот е во многу добра состојба и многу сочуван, се вози за Германија.
**071/214-000; 070/321-098**

# ДЕЛОВИ

## Продавам

**Продажба на камионска галантерија**, на големо и мало, сите видови на: штоп- светла, фарови, халогени светла, габаритни светла, табли, калници и сè друго од камионска галантерија. Испорака по карго до сите градови.
**070/343-805**

**Делови за МАН**, Мерцедес, Ивеко.
**070/999-184**

**Полуприколка Кроне**, од 2004 година, регистрирана, клучеви за контејнер, гуми 90 % и Шмитц од 1998 година, на дискови.
**071/345-424**

**Приколка Сарис П30**, од 1997 година, носивост од 2.200 кг, димензии на сандак 2 х 4, регистрирана до 25.9.2019 година, со нови гуми, погодна за транспорт на сè, градежни материјали, механизација, шлеп, со метален под од бродски лим.
**070/344-500**

# ОГЛАСИ (преку SMS и e-mail)

Испратете го Вашиот ОГЛАС како SMS на:
070 / 40 11 11 и 070 / 40 11 07
или како e-mail на:
bizkontakti@yahoo.com
Внесете го Вашиот телефон или e-mail адреса

На почетокот на годинава



# КИНЕСКИОТ ГРАД ШЕНЗЕН СО ЦЕЛОСНО ЕЛЕКТРИЧНА ТАКСИ-ФЛОТА

Од 21.689 такси-возила што сообраќаат во овој 12,5 милионски град, центар на високата технологија во јужна Кина, дури 99 отсто се електрични

Шензен, еден од најголемите кинески градови, неодамна направи комплетен еколошки пресврт во такси-превозот. Имено, овој центар на високата технологија во јужна Кина, на почетокот на годинава објави дека поседува целосно електрична такси-флота, односно, дека од 21.689 такси возила што сообраќаат во градот, дури 99 отсто се електрични. Електричните такси возила во Шензен, како што соопшуваат од градскиот Комитет за транспорт, ќе ги намалат емисиите на јаглерод за околу 850.000 тони годишно.

Минатата година, Шензен сè уште имаше околу 7.500 неелектрифицирани такси-возила, кои возеа по градските улици, но сега останале уште само неколку на бензин, додека останатите се исклучиво електрични. Метрополата со 12,5 милиони жители е вториот кинески град, но и најголемиот што ја постигнал оваа цел, по градот Тајуан, на северот на Кина, со 4,3 милиони жители, кој има целосно електричен такси-превоз уште од 2016 година. Автобускиот превоз во Шензен е целосно електрифициран од 2017 година, а тој е еден од 13-те пилот градови што го промовираат јавниот превоз на алтернативна енергија, со цел намалување на загадувањето и развој на индустријата за алтернативна енергија. Од друга страна, Пекинг, а и останатите кинески градови, се преплавени со електрични скутери, велосипеди и трицикли за достава што помага во редуцирањето на емисијата на штетни гасови во воздухот.

Ј.С.Б.

## ВИЦОВИ

Влегува Боки мртов пијан во кафеана и се дере:
- Среќна Нова година!
Некој од страна му дофрлува:
- А бре каква Нова година, март сме?
- Штооо, март!? Леле, леле, Ботка ќе ме утепа, никогаш не сум се вратил дома толку доцна!

***

Две колешки разговараат.
- Колешке тебе мажот ти што ти поклони за Нова година?
- Секс, секс и само секс!
- Ееее, па тој - на сите исто!

***

Ботка седи на шанк во едно кафуле, ужива во коктелот и гледа во еден згоден, отмен и секси маж кој седи спроти неа. Тој ѝ приоѓа и пред таа да успее да му се извини за непријатното „зјапање" ѝ шепнува на уво:
- Ќе ти направам сè што ќе посакаш, но само под еден услов!
Ботка изненадено прашува кој е условот, а тој одговора:
- Мораш во три збора да ми опишеш што сакаш да ти правам!
Таа кратко размислува, па со насмевка му ги става во рака клучевите од станот и му шепнува:
- Исчисти ми дома!

***

Еден другар го прашува Боки:
- Боки, кои се десетте работи што те прават среќен?
- Девет пива и далечинското од ТВ-то!

***

Инструктор учи тинејџер да вози:
- Кога ќе видиш зелено - тргнувај! Кога ќе видиш дека пребледувам - веднаш кочи!

***

Ботка му вика на соседот Коки:
- Комшија, имаш ли чекан?
- Имам мал, комшике!
- А бе знам тоа, ама дали имаш чекан?

***

Оглас во весник:
- Барам убава, згодна, паметна и шармантна девојка со автомобил!
НАПОМЕНА: Пожелна е слика од автомобилот!

***

Четворица пијани излегуваат од кафеана и приоѓаат на еден од паркираните автомобили.
Првиот од нив вели:
- Еј Боки, ти ќе возиш до дома!
Боки зачудено, а малку и подналутено:
- Е зошто баш јас!
- Зашто си многу пијан за да пееш!

***

Боки и Ботка си гугукаат во кревет:
- Срце, што би сакал ти да сум јас? - прашува Ботка.
- Календар! - одговара Боки.
- Аааа, да ме гледаш секој ден!
- Неее, туку да можам да те мењам секоја година!

***

- А бе, не сум пијан дај јас ќе возам!
- Слушај брат, ај седи, летва пијан си!
- А бе, ти викам - не сум пијан, дај јас да возам!
- Слушај! Или седи мирен или те молам - искачај од таксито!!

***

Ботка нервозно го прашува Боки:
- Кај беше синоќа бе?
- Кај Коки, на ергенска вечер...
- И што? Си викнавте некоја оросприја, ви правеше стриптиз, ја пипкавте и штипкавте, ја бркавте цела вечер?
- Нееее!
- Како бе неее? Мислиш не сум била на ергенска вечер!?

# РЕГИСТРИРАЈ СЕ НА ВИСТИНСКОТО МЕСТО

▪ ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД И РЕГИСТРАЦИЈА НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА ▪ МЕЃУНАРОДНИ ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ▪ АТП ПРЕГЛЕД ▪
▪ ОДОБРЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУЃО МОТОРНО ВОЗИЛО ▪
▪ КАЛИБРАЦИЈА НА ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ ТАХОГРАФИ ▪
▪ ИЗДАВАЊЕ НА ПРОБНИ ТАБЛИЧКИ И ПОТВРДА ЗА ПРОБНО ВОЗЕЊЕ ▪
▪ СИТЕ ВИДОВИ НА ОСИГУРУВАЊЕ ОД СИТЕ ОСИГУРИТЕЛНИ КОМПАНИИ ▪

ул. „1506“ бр. 22, Момин Поток, 1000 Скопје | тел: 02/ 32 98 967 лок. 113
MakedonijaSoobrakajAMERIT | www.amerit.org.mk

МОТО АМЕРИТ